МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Факултет за правни науки

Студиска програма: Граѓанско право

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ПОСТОЈАНИОТ ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

СТУДЕНТ: КИРИЛ КОВЧЕГАРСКИ
БРОЈ НА ИНДЕКС: М187013
МЕНТОР: ДОЦ. Д-Р АЛЕКСАНДАР ИЛИЕВСКИ

Св.Николе, 2020

С О Д Р Ж И Н А

I. ВОВЕД…….....….....2
II. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО.....5
III.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ.....6
IV. МЕСТОТО И УЛОГАТА НА ТРГОВСКАТА АРБИТРАЖА ВО РЕШАВАЊЕТО НА СПОРОВИ.....7
V. МЕЃУНАРОДНИ ИЗВОРИ НА ТРГОВСКОТО АРБИТРАЖНО ПРАВО.....33
VI.УРЕДУВАЊЕ НА ТРГОВСКА АРБИТРАЖА ВО МАКЕДОНИЈА.....49
VII.ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ПОСТОЈАНИОТ ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА..... 57
1. Востановување, функционирање и промовирање на Постојаниот Избран суд - Арбитража..... 57
2. Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската Комора на Македонија..... 62
3. Соработка со арбитражи од други земји.....76
4. Краток приказ на одделни предмети решени во постапки пред суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија.....77
VIII. З А К Л У Ч О К.....87
К О Р И С Т Е Н А Л И Т Е Р А Т У Р А..... 89

I. В О В Е Д

Во светот сè поприсутен е трендот, посебно меѓу трговските друштва, своите спорови да не ги решаваат преку долготрајни судски постапки, туку по пат на арбитража, медијација, порамнување и други алтернативни механизми на решавање на споровите. Таквото решавање на споровите претставува, меѓу другото, дополнителна предност преку добивање на ефикасни одлуки со истовремена заштита на време и средства, а странките немаат чувство на победник и победен, туку како да се двострани победници во спор кој го решиле од нив избрани арбитри, медијатори или посредници, односно арбитражата се смета како еден вид на пријателски суд што го формираат странките, кои сакаат спорот да го решат на заеднички прифатлив начин и тоа да нема влијание врз нивната понатамошна деловна соработка.

Со сегашните законски и другите акти со кои се уредува домашната трговска арбитража, подоцна и меѓународната трговска арбитража, во кои се вградени искуствата од досегашното функционирање на арбитражите во светот, посебно во најразвиените земји со пазарна економија, како и насоките за уредување на трговската арбитража утврдени во Модел-законот на УНЦИТРАЛ, усвоен од страна на Обединетите нации во 1985 година, обезбедена е конзистентна правна регулатива, според која стопанските субјекти можат на најсоодветен начин да ги решаваат споровите кои настануваат во нивното деловно работење.

Во таа насока, посебно за одбележување е формирањето на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, како самостојна и независна институција во однос на Комората, чиишто органи и тела не можат да се мешаат во стручната работа на Арбитражата, односно во постапките што се водат, уште помалку во донесувањето одлуки од страна на арбитер или арбитражен совет, како и донесувањето на Законот за меѓународната трговска арбитража, со кој, за првпат, комплексно се уредува меѓународната трговска арбитража доколку местото на арбитражата е на територијата на Република Македонија, а одделни негови одредби се применуваат и кога местото на меѓународната трговска арбитража не е на територијата на Република Македонија.

Така создадениот правен амбиент и карактеристиките на арбитражата, коишто бизнис заедницата сè повеќе ги препознава како најсоодветни за надминување на споровите што настануваат при секојдневното деловно работење, во изминатиот период значително придонесоа за зголемување на бројот на арбитражните постапки преку кои деловните субјекти - трговските друштва ги решаваат своите спорови, посебно оние со странски елемент.

Сепак, според расположивите податоци за решавањето на спорови по пат на арбитража, може да се заклучи дека можностите за арбитражно решавање на споровите што ги обезбедува Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија се користат многу под задоволителниот степен на користење, особено ако се споредат со бројот и видот на споровите што се решаваат арбитражно во другите пазарни економии, особено во земјите членки на Европската Унија.

Имајќи предвид дека според светските искуства арбитражното решавање на споровите меѓу трговските друштва зазема сè позначително место и приоритет пред решавањето на трговските спорови по судски пат, како императив се наметнува потребата од надминување на резервите и дилемите што се јавуваат кај фирмите околу изборот на постапката преку која ќе ги решаваат евентуалните спорови настанати во нивните деловни односи, посебно со партнерите од странство и поголемо вклучување на арбитражите во решавањето на настанатите спорови. Притоа, посебно место треба да има Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, како самостојна и независна институција со долгогодишно искуство и расположиви ресурси за давање стручна и друга помош и поддршка на стопанските субјекти кои се определиле за водење на арбитражна постапка преку оваа арбитража, почнувајќи од покренувањето на постапката, изборот на арбитрите, постапките што е потребно да се спроведат, а посебно во извршувањето на донесените одлуки во земјава и признавањето и извршувањето на истите во странство.

Тоа се причините поради кои авторот на овој магистерски труд се определи токму за обработка на арбитражното решавање на споровите, посебно со користење на можностите што ги дава Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, со очекување дека користењето на овој труд ќе даде соодветен придонес за унапредување на арбитражното решавање на споровите меѓу трговските друштва и други заинтересирани

субјекти, на почетокот преку зголемување на бројот на арбитражните постапки, а со тек на времето и преку доведување на нивниот број на нивото што го постигнале некои од земјите членки на Европската Унија, поранешни југословенски републики, а потоа и на нивото на користење на арбитражните постапки на нивото на Европската Унија и развиените економии во светот.

II. МЕТОДИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет на врска со изработката на магистерскиот труд е примената на арбитражното решавање на трговските спорови, вклучително домашните и меѓународните, домашните и светските трендови во подрачјето на арбитражата, предностите и недостатоците на арбитражата, како алтернативен начин на решавање на трговските спорови воопшто и во однос на судското решавање на споровите.

Преку анализа на различни искуства и сознанија во врска со решавањето на трговските спорови во земјата и во странство ќе се прикажат примери од домашната и меѓународната арбитражна практика, од кои може да се согледа дали е поцелисходно трговските спорови да се решаваат по пат на арбитража или, како што е до сега доминантно, преку учество во судски постапки. За таа цел ќе бидат проучени мноштво закони, конвенции, правила, прирачници, книги, научни трудови и други текстови што се однесуваат на арбитражата, користејќи ги истите во печатена форма или преку пребарување на веб-страниците на сите најпознати организации и институции во земјата и во светот кои имаат допирни точки со арбитражата.

Во фокусот на истражувањето ќе биде арбитражното решавање на трговските спорови во земјата, односно недостатоците и проблемите што се јавуваат кај стопанските субјекти во врска со користењето на арбитражата и преку споредбен преглед на искуствата во арбитражното решавање на трговските спорови во другите земји во светот, да се дадат одредени мислења за подобрување на одделни законски и други регулативи, надминување одредени проблематични ситуации, примена на позитивните светски искуства во арбитражното решавање на трговските спорови, посебно упатувањето на стопанските и другите инволвирани субјекти во предностите и потребата своите евентуални спорови да ги решаваат по пат на арбитража.

При истражувањето ќе се користат: аналитичкиот, дескриптивниот, нормативниот, компаративниот, емпириските, историскиот и методот на синтеза на научните и другите достигнувања во оваа област. При изработката на магистерскиот труд посебно ќе биде извршена анализа на законската и друга регулатива во земјава и странство, акти на релевантни институции инволвирани во арбитражното решавање на споровите, посебно на најпознатите арбитражи во светот, како и на Европската Унија и Обединетите нации.

III.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со сеопфатното истражување на функционирањето на арбитражата во земјата и во светот, посебно на предностите и недостатоците и проблемите кои се јавуваат при арбитражното решавање на трговските спорови, како и преку анализа на истите, ќе бидат направени согледувања и мислења кои стопански субјекти ќе можат да ги користат при планирањето на нивните идни комерцијални активности, посебно при склучувањето на комерцијални договори и следствено составување на арбитражни клаузули за случаи кога не успеале да вршат деловни активности, без од нив да произлезат спорови или ако евентуалните спорови не успеале да ги надминат без спроведување на било каква постапка, во која ќе биде донесена одлука од страна на трето лице, односно лица.

Во магистерскиот труд, преку анализа на законската и другата регулатива во врска со арбитражното решавање на споровите, посебно ќе бидат вградени предлози и мислења за подобрување на регулативата во оваа област, како и за поголема промоција на арбитражата и во тој контекст на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, со што, како главна цел, треба да се очекува зголемување на интересот на трговските друштва за користење на арбитражата при решавањето на нивните евентуални спорови, а со тоа и нивно поголемо вклучување во светските економски трендови.

Клучни зборови: Постојан избран - арбитража, трговска арбитража, меѓународна трговска арбитража, арбитражно право, арбитража како институт, арбитража како институција, арбитражни правила, арбитри, арбитражна одлука, Њујоршка конвенција, УНЦИТРАЛ Модел-закон

IV. МЕСТОТО И УЛОГАТА НА ТРГОВСКАТА АРБИТРАЖА ВО РЕШАВАЊЕТО НА СПОРОВИ

Арбитражата претставува приватен метод за решавање на споровите, без да се води судска постапка, т.е. како судски начин на решавање на споровите пред недржавен суд, на кој страните во спорот доброволно му го довериле одлучувањето за конкретниот спор, кој со арбитражата ќе биде дефинитивно и конечно решен. Иако е недржавен суд, арбитражата е призната од државата, а најзините одлуки се изедначени со правосилните и извршни судски пресуди. За да може некој спор да биде решен преку арбитража, потребно е да постои законска можност за тоа и двете страни да се согласат на тоа. Согласноста може да се даде пред појавата на спорот, т.е. во договорот да се наведе дека евентуалните спорови ќе се решаваат преку арбитража или по појавата на спорот, кога двете страни склучуваат посебен договор за решавање на спорот преку арбитража. Секоја држава определува кои спорови може да бидат предмет на арбитража, а кај кои е исклучена таквата можност. Најчесто арбитражата е прифатена како метод за решавање на споровите за права со кои странките располагаат слободно, т.е. за диспозитивните права.[1]

Историски арбитражата била користена многу одамна и многу широко во решавањето на комерцијалните спорови, како алтернатива на парничењето пред судовите или други државни институции. Сепак, државите во светот почнале да ја прифаќаат арбитражата од почетокот на дваесеттиот век, преку законско уредување нивните судови да ги прифаќаат арбитражните договори, со одредени услови за правна ревизија на арбитражните одлуки. Оттогаш до денес, за повеќе од сто години, присутна е сè понагласена

[1] ВИКИПЕДИЈА - слободна енциклопедија, https://mk.wikipedia.org

арбитражна практика и арбитражата станува доминантна во решавањето на трговските спорови, иако сè уште се присутни мислења дека таа престанува да наликува на традиционалното судство.

Арбитражата е форма што е општопозната како алтернативно решавање на споровите, која се спроведува кога двете страни ќе дојдат заедно со согласност да ја следат и почитуваат нејзината одлука, наместо да се обидат заради решавање на спорот да одат на суд. После арбитражата како консензуална постапка, страните најчесто не се чувствуваат како победници или губитници во спорот, како што е најчесто после судските постапки, поради што вообичаено не ги прекинуваат деловните односи и во наредниот период настојуваат да не дојде до нови недоразбирања, односно спорови во извршувањето на нивните договори.

Арбитражата претставува институт во решавањето на спорови во насока на приватизација на постапките, поради тоа што, наместо преку ригорозна, со закон утврдена формална судска постапка, обезбедува еднакво извршни одлуки, во чие донесување преку неформална постапка обезбедува на странките да имаат поголема контрола во врска со прашањата од значење за правичното одлучување, како што се: именувањето на арбитрите, јазикот на арбитражата, местото на арбитражата, правилата кои ќе бидат применети и слично. Границите на допустливост на арбитражата, односно на арбитрарноста се определуваат имајќи ги предвид странките во спорот, видот на спорот и судските овластувања што за него се утврдени, како и според видот на арбитражата чии овластувања се договараат. Вообичаено, споровите без меѓународни обележја, за правата со кои странките можат слободно да располагаат, тие можат да ги покренуваат и водат пред постојаните избрани судови - арбитражи, претежно основани при трговските комори и други организации предвидени со закон, како и пред ад хок арбитражи, додека за решавање на споровите со меѓународни обележја за правата за кои странките можат слободно да располагаат, странките можат да договорат надлежност на домашен или странски избран суд - арбитража, ако барем една од странките ако е физичко лице има престојувалиште или живеалиште во странска земја, или ако е правно лице со седиште во странство.

Арбитражата може да биде доброволна или задолжителна (иако задолжителната арбитража може да произлегува само од закон, статут или од договор што едната страна го предложи на другата, со кој договорните страни се согласуваат сите тековни и идни спорови да ги решаваат по пат на арбитража, без потребно знаење, специфично кои спорови ќе призлезат) и обврзувачка или необврзувачка. Необврзувачката арбитража е слична на медијацијата по тоа што арбитражната одлука не може да биде наметната на странките. Секако, основна разлика е дека додека медијаторот се обидува да им помогне на странките во изнаоѓањето средно решение преку кое ќе се спогодат, арбитерот во необврзувачката арбитража останува целосно на страна од процесот на спогодување и само дава решение за обврската и, ако е соодветно, индикација за износот на штетите што треба да се плати. Според една дефиниција, арбитражата која е необврзувачка арбитража, технички не е арбитража.

Арбитражата е постапка во која спорот се решава преку нестранечки арбитер или арбитри, за чија одлука странките во спорот се имаат спогодено да биде конечна и обврзувачка. Постојат огранични права за измени или за жалба против арбитражната одлука.[2]

Трговската, посебно меѓународната трговска арбитража сè повеќе се прифаќа како еден од најдоминантните начини на решавање на споровите во меѓусебните деловни односи меѓу стопанските субјекти во земјите со развиени системи на пазарна економија, особено меѓу стопански субјекти - деловни партнери од различни земји.

Трговската арбитража се користи како алтернатива на судското спорење и се води првенствено според правилата претходно утврдени меѓу договорните страни, наместо според национална легислатива или процедурални правила. Преку неа, како приватен процес, после постигната претходна согласност спорот да го решат по пат на арбитража, странките во спорот обезбедуваат, после давањето, односно примањето на докази и други информации и потребна расправа, да добијат одлука со која нивниот спор ќе биде решен.

[2] WIKIPEDIA, Arbitration, http://en.wikipedia.org

Арбитражната постапка во определен степен е слична со судската, во смисла што странките даваат воведни излагања и ги презентираат расположивите факти и докази во врска со предметот на спорот, но тоа вообичаено се врши на неформален начин, побрзо и покомплетно, бидејќи притоа не мора да се постапува според стриктните законски одредби со кои се уредува водењето на парничната постапка.

Арбитражата се разликува од медијацијата бидејќи кај арбитражата неутрален арбитер, односно арбитри имаат овластување да донесат одлука за спорот, додека медијацијата е алтернативен метод за решавање на спорови, кој им овозможува на странките да го решат недоразбирањето во неформална постапка во која е вклучена трета страна - медијатор, кој им помага во изнаоѓање решение за нивниот спор со посредување, преговарање или договарање.

Во врска со определбата странките во комерцијалниот спор да се определат истиот да биде решен по пат на арбитража, како одговор може да се наведе: една од главните достигнувања на арбитражната постапка е нејзиниот капацитет брзо да ги реши споровите, посебно бидејќи странките договараат роковник за постапката, потоа, арбитражата им овозможува на странките во спорот самите да ги изберат лицата, т.е. арбитрите кои ќе одлучат за прашањата што се однесуваат на истиот, исто така, обезбедува сервиси преку специјални знаења и експертизи во насока на донесување на соодветна одлука и посебно што преку арбитражата се обезбедува доверливост во врска со податоците кои поради својата природа бараат соодветна заштита од протекување спротивно на потребите и интересите на странките во спорот. Меѓутоа, во таа насока треба да се имаат предвид и недостатоците на арбитражата, посебно дека успехот на арбитражата е многу зависен од искуството на арбитерот, односно арбитрите, на кои арбитрирањето не им е професија, барањата против една арбитражна одлука се многу ограничени, не може за арбитража да се прилагодат спорови во кои се опфатени прашања од јавното право, а времето и трошоците можат да бидат значително погодени од недостатокот на соработка меѓу странките во спорот, недоволно прецизни одредби во врска со постапката или недостатоци во квалитетот на арбитрите.

Арбитражните одлуки, по правило, се донесуваат после спроведувањето на договорената арбитражна постапка, при што некои одлуки ја обзнануваат само одлуката, без образложение, но повеќето од нив имаат образложение, посебно за причините за донесувањето на одлуката.

Меѓу бизнисмените, практичарите и научните работници кои се баваат со примена или проучување на прашањата и проблемите што произлегуваат во комерцијалното работење, посебно оние поврзани со споровите што настануваат меѓу субјектите во трговското работење, преовладуваат мислењата и ставовите дека арбитражата е најпопуларната и најшироко позната и прифатена постапка на решавање на комерцијалните, односно трговските спорови настанати меѓу стопански субјекти од една, а почесто меѓу субјекти од две или повеќе земји, земајќи предвид дека во современите услови стопанските субјекти сè повеќе се стремат кон унапредувањето на соработката со партнери од странство.

Арбитражната постапка е најквалитетната, најмодерна можна и најдобра постапка која правната наука може да ја понуди на заедницата за решавање на најсложените правни односи. Правните односи, односно правните прашања и спорови што настануваат како последица на работењето на правно многу стручни субјекти во работи со високи вредности и одговорности, природно, можат да се сметаат за најсложени правни односи. Поточно, тоа се работите со високи вредности кои настануваат меѓу стопанските субјекти. Во таа смисла, арбитражните постапки, кажано со модерен речник, се висока технологија во рамките на правните постапки што имаат за цел решавање на спорови. Неподелени се ставовите кои како главна предност пред судската постапка ја означуваат арбитражната постапка како побрз начин на донесување на извршна одлука, која е изедначена со извршната одлука донесена од редовен суд.[3]

Во современите услови сè поприсутна е глобалната определба на државите за преминување од државна контрола кон дерегулација во многу сфери на животот, посебно во областа на решавањето на комерцијалните, односно трговските спорови во постапка на алтернативно решавање на споровите преку арбитража.

[3] Aleksandra Maganic, Mico Ljubenko (2013). Poslediplomski doktorski studij, Kolegij: Arbitrazno procesno pravo, Arbitrazni postupak na ugovorni rok

Под трговска арбитража се подразбира решавање на спорови што произлегуваат од комерцијални договори меѓу субјекти од една или од две и повеќе земји или на спорови кои произлегле од комерцијално работење, ако странките договориле истите да бидат решени по пат на арбитража. Трговската арбитража што се користи како алтернатива на водењето спор пред суд или друга државна институција и се спроведува под услови и во постапка претходно или дополнително договорени меѓу договорните страни или меѓу арбитражата е консензуален процес зацртан со договор меѓу странките.

Арбитражата е начин на решавање на комерцијалните спорови без одење пред суд, односно на трето лице, односно лица (арбитер или арбитри) се доверува да го решат спорот после сослушувањето на аргументите на двете странки. Презентацијата на аргументите може да биде преку поднесување на писмени документи, најчесто преку арбитерот определен од секоја од странките во спорот, но, како дополнение на обезбедената документација, секоја од странките има право на непосредно усно објаснување, односно образложение во врска со предметот на спорот. Вообичаено тоа се врши преку овластен застапник, најчесто адвокат. Притоа, не е исклучена и можноста за сослушување на сведоци кои можат да потврдат одредени факти од важност за решавањето на спорот.

Арбитражното решавање на трговските спорови, во однос на судското, има предност особено во фактот дека странките во спорот консензуално го избираат арбитерот, ако се договориле спорот да биде решен од арбитер поединец, односно претседателот на арбитражниот совет, доколку се договориле спорот да биде решен со одлука на арбитражен совет. Исто така, спорот би требало да биде решен многу побрзо отколку ако се оди во судска постапка, поради тоа што роковите во постапката на арбитражата ги определуваат самите странки, како најзаинтересирани за брзо решавање на спорот, а поради тоа и трошоците за ангажирање на арбитрите и други лица во процесот да бидат помали. Меѓутоа, арбитражното решавање на споровите се соочува и со одредени проблеми кои не се во рамките на моќта на договорните страни, како што е, на пример, обезбедувањето документи или информации од трети лица кои не се странки во спорот и слично.

Во врска со ставовите дека арбитражната постапка е побрза и поевтина од судската, според УНКТАД [4] вистината е дека страните можат да имаат релативно брза арбитража со помали трошоци ако тоа е она што тие го сакаат. Како резултат на флексибилноста на постапката, според Меѓународната трговска комора, страните можат да одберат да имаат спора и темелна или брза и економична арбитража. Од разбирливи причини, брзината, ефикасноста и трошоците на постапката се вообичаено важни. Кога соодветните процедури се ставени на место, арбитражата може да биде побрза и помалку скапа отколку спорењето пред државен суд, посебно земајќи предвид дека генерално нема жалба против меѓународните арбитражни одлуки. [5]

Ефикасноста на арбитражната постапка може да се дефинира во три составни елементи: правниот квалитет на донесените одлуки, извршност на одлуките и очекуваната брзина на донесувањето на одлуките. Првиот елемент - правниот квалитет на одлуките, би можело да се заклучи, начелно никогаш не бил спорен меѓу странките како корисници на арбитражното решавање на споровите. Тоа е затоа што квалитетот на одлуките зависи претежно од квалитетната примена на материјалните норми, што а приори не се става под сомнение поради природата на самата арбитража и угледот на арбитрите, целната, концентрирана постапка и доброволноста на странките во доверувањето на спорот. Вториот елемент - извршноста на одлуките, исто така, сам по себе дава одлични резултати. Тоа од причина што и странката која го изгубила спорот очекувано има значително поголема подготвеност да го исполни налогот од одлуката, бидејќи претходно со својата изречно искажана волја, без законска присила, сама ја избрала ова постапка. Во таа смисла не е ниту релевантно да се ослонува на фактот дека арбитражната одлука е изедначена со правосилна одлука на редовен суд. Доколку се прифатат овие заклучоци како правилни и разумни, третиот елемент кој ја определува ефикасноста на постапката - очекуваната брзина на донесувањето на одлуките не е нужно сам по себе гарантиран, но има значење какво што правната струка често не може доволно добро да го разбере, бидејќи по правило очекувањата во поглед на брзината на донесувањето на одлуките целосно се разликува помеѓу странките и судиите, односно арбитрите. Типичен пристап на странките кон ова

[4] Welcome to the United Nations Conference on Trade and Development (Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој)

[5] Mastercard Bizz, ConnectAmericas.com, 018/02/02

прашање е: одлуката може да се донесе брзо, т.е. штом се внесат доказите, занемарувајќи ги околностите дека постојат многу други околности кои го спречуваат спроведувањето на доказите. Типичен пристап на судиите, еднакво редовните или арбитражните, е: одлуката можат да ја донесат кога доказната постапка е зрела за заклучување, со значително поголем степен на знаење и свест за сите препреки што ги очекуваат до таа фаза на постапката.[6]

Повеќето, или скоро сите, посебно меѓународните комерцијални договори содржат клаузула за решавање на евентуалните спорови, специфицирајќи дека било кој спор што ќе произлезе од договорот или деловната соработка ќе биде решен по пат на арбитража. Исто така, договорните страни утврдуваат дали спорот ќе биде решен од страна на еден или повеќе арбитри, кои процедури, односно правила ќе се применуваат во постапката, како и правото, односно законот, според кој ќе се раководат при донесувањето на арбитражната одлука.

Спогодбата за меѓународна трговска арбитража е спогодба во која две или повеќе странки се согласуваат дека спорот што настанал или може да настане меѓу нив, а има меѓународен карактер, ќе биде решен од еден или повеќе арбитри. Полноважната арбитражна спогодба претставува услов за востановување на надлежноста на меѓународната трговска арбитража и воедно услов за дерогација на надлежноста на државните судови за решавање на дадениот спор. И уште повеќе, арбитражната спогодба ја одредува правната судбина и на другите акти низ кои поминува арбитражната постапка. Во таа смисла, арбитражната спогодба претставува услов за полноважноста на арбитражната одлука што е донесена врз основа токму на арбитражната спогодба. Во правната наука со право се подвлекува дека, со оглед на тоа дека арбитражата е можна само доколку странките се согласат со неа, од суштинско значење за секоја странка е дека спротивната странка била свесна и прифатила арбитража.[7]

Клаузулата за арбитражно решавање на некој спор може да биде мошне едноставна, во смисла на тоа дека само го определува законот и јурисдикцијата, според кои ќе се води

[6] Aleksandra Maganic, Mico Ljubenko (2013). Poslediplomski doktorski studij, Kolegij: Arbitrazno procesno pravo, Arbitrazni postupak na ugovorni rok

[7] Тони Десковски, Европско право Број 1-/2013: Форма на спогодбата за меѓународна трговска арбитража во правниот систем на Република Македонија

или да биде многу комплексна и да утврди посложена процедура која ќе биде применета во случај на спор. Притоа, треба да се има предвид дека договарањето на едноставна процедура не подразбира и дека странките не треба да прават други напори за решавање на спорот со користење на други неформални средства пред евентуално да дојдат до формална судска процедура.

Меѓународната трговска арбитража ја одбираат скоро во сите бизниси, за решавање на споровите што можат да настанат во прекуграничната соработка, посебно поради тоа што преку неутрално и флексибилно постапување се доаѓа до одлука која е извршлива секаде, што не е случај со судската одлука. Понатаму, меѓународната арбитража, како и самиот меѓународен бизнис, има единствени достигнувања, со оглед на фактот дека страните можат да зборуваат различни јазици, да доаѓаат од различни бизниси и правни култури и често различни морални сфаќања.[8]

Арбитражата може да биде институционална или ад хок, според условите што ги договориле странките во спорот. Доколку странките договориле спорот да се решава пред арбитражна институција, истата претставува институционална арбитража. Доколку, пак, странките утврдиле свои сопствени правила за арбитражата, тогаш тоа претставува ад хок арбитража. Ад хок арбитражата е раководена самостојно од самите странки, кои одлучуваат за бројот на арбитри, процедурата според која ќе се раководат и другите прашања во врска со администрирањето со арбитражата. [9]

Институционалните арбитражи им обезбедуваат на странките соодветни мислења во врска со решавањето на нивните спорови, без на било кој начин да навлегуваат во решавањето на истите, а обезбедуваат и административна поддршка на арбитерот или арбитрите кои странките ги одбрале да одлучуваат за решавањето на спорот. Институционалните арбитражи имаат широки листи на арбитри со искуство во сите области на комерцијалното работење, од кои или и од други обезбедени стручни лица странките можат да извршат избор на арбитрите кои ќе одлучуваат во арбитражната постапка. Исто така, поддршката на арбитражните институции е мошне важна за брзината на водењето на

[8] Paul Klass (2017). College of Americas: International Commercial Arbitration,

[9] Susan Gualtier,International Commercial Arbitration-Global.ex: International Commercial Arbitration

арбитражната постапка, како и за брзото извршување на донесената одлука, било доброволно, било присилно. Со изборот на одредена арбитражна институција, странките, исто така, утврдуваат дека арбитражните правила на таа институционална арбитража ќе се применуваат при водењето на арбитражната постапка.

Кај ад хок арбитражата странките можат да состават одредени правила за водење на арбитражната постапка, иако е посоодветно да договорат примена на одредени познати неадминистративни правила, како, на пример, Арбитражните правила на УНЦИТРАЛ[10], кои, иако содржат некои од институционалните правила, не упатуваат на неопходноста од супервизија врз решавањето на спорот од страна на арбитражна институција.

Кај институционалните арбитражи, арбитражниот договор упатува на арбитражните правила кои се објавени и администрирани од одредена арбитражна институција, во кој случај арбитражната постапка се води под покровителство на односната институција. Кога странките се договорат да арбитрираат, но не упатуваат на институционални арбитражни правила, тогаш имаат ад хок арбитража. Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право ги развои арбитражните правила на УНЦИТРАЛ, широко користен комплет на правила за водење на ад хок арбитражите. Странките можат да упатуваат на нив во арбитражната клаузула или тие да бидат прифатени дополнително на почетокот на арбитражната постапка. Генерално, не постои институционална контрола над ад хок арбитражите. [11]

Администрираните, односно институционалните арбитражи се арбитражи кои се раководат според правилата на една арбитражна институција (таква како Меѓународната трговска комора, МТК), каде странките ѝ плаќаат на институцијата да им помага, во согласност со нејзините правила, во започнувањето на арбитражата (и понекогаш после) и да помага за време на постапката по прашањата, како што се: плаќањата, белешките, поштата и обезбедување услови за водење на расправата. Во таа смисла, администрираните, односно институционалните арбитражи се специјализирани за спорови во многу подрачја,

[10] United Nations Commission on International Trade Law (UNCITRAL), Комисија на ООН по меѓународно трговско право

[11] Landolf&Koch International Attorneys at law, www.landolfandkoch.com

како дистрибуција и трговија, индустриски проекти, транспортни операции, инвестиции, лиценци на патенти и знаци за разликување, договори за франшизинг и друго.

United Nations Commission on International Trade Law (UNCITRAL)

Неадминистрираните, односно ад хок арбитражите се арбитражи раководени од странките и арбитрите (откако ќе бидат именувани), без помош од административна институција. Во некои неадминистрирани арбитражи институционалното присуство не мора да биде целосно отсутно, бидејќи странките можат да изберат некоја институција да работи како авторитет за именување на арбитражниот совет во случаите кога странките не можат меѓу себе да се согласат во врска со советот. [12]

Во современите услови на трговско работење арбитражата претставува универзална институција на недржавен судски систем, во функција на потребите на унапредувањето и сигурноста на размената на стоки и услуги помеѓу субјектите. Трговската арбитража, како домашната, така и меѓународната, е консензуална, односно странките мора да го договорат арбитражното решавање на спорот во случај ако настанат недоразбирања меѓу нив.

Растечката доверба и примена на арбитражното решавање на споровите од деловните односи во однос на државниот судски систем се должи, пред сè, на афирмирањето и обезбедувањето на основните начела на арбитражата, особено на:

- слободниот избор на местото на арбитражата;
- слободниот избор на меродавното право за решавање на спорот;
- слободниот избор на правилата на арбитражната постапка;
- слободниот избор на арбитрите кои ќе решаваат за спорот;
- слободниот избор на соодветно право за арбитражната спогодба;
- поголемата ефикасност и ажурност во однос на државните судови, со оглед дека арбитражните одлуки, по правило, се конечни, не постои второстепено одлучување, така да може веднаш да се спроведе нивно извршување и слично.

[12] Juris, legal information:Juris Arbitration Law, http://arbitrationlaw.com

Сè поголемото значење и давањето предност на трговските, посебно меѓународните, арбитражи во однос на националните судови во решавањето на трговските спорови се должи и на:

- недовербата кон државните судови, посебно кон судот во земјата на една од странките во спорот;

- непостоењето, односно неможноста да се конституира меѓународен наддржавен суд за решавање на трговски спорови;

- автономијата на волјата на странките, како основно начело што се применува во меѓународното трговско право воопшто и посебно во меѓународната трговска арбитража;

- загарантираноста на тајноста во постапката пред трговската арбитража;

- меѓународната трговска арбитража, по правило или најчесто, се спроведува во земја на која не припаѓа ниту една од странките;

- материјалното (меѓународното трговско) право се разликува од националното право;

- правилата за постапката во трговската арбитража се специфични, прилагодени на предметот на спорот и националноста на странките;

- арбитражната постапка, за разлика од постапката пред државните судови, по правило, е едностепена и слично.

Како предност и аргумент за договарање на надлежноста на трговската арбитража и за нејзиниот брз развој се потенцираат меѓусебното усогласување околу процесните и другите околности во врска со спорот, стручноста на арбитрите, довербата во арбитрите, тајноста на постапката, неформалното, побрзо и поевтино решавање на спорот, отсуството на правни лекови, полесното доброволно и присилно извршување на одлуките, поголемата предвидливост на резултатот на постапката и слично. Меѓутоа, во врска со трошоците на арбитражната постапка постојат бројни укажувања дека тврдењето дека арбитражната постапка е поевтина од судската не е реално, бидејќи од увидот во тарифите на многу институционални арбитражи може да се констатира дека цените на постапките пред нив ги надминуваат трошоците за покренување и водење на постапки пред судовите на повеќето држави. Од тие причини, многу мали и средни фирми кои имаат добра основа за тужба против некој деловен партнер, иако претходно склучиле арбитражна спогодба, не покренуваат арбитражна постапка, посебно затоа што високите износи најчесто треба да ги

уплатат пред да започне арбитражната постапка, па остануваат без можност за остварување на своите права.

Голем број организации во светот на субјектите во комерцијалното работење им ги нудат своите институционални арбитражни сервиси. Меѓу најпознатите арбитражни институции за трговска арбитража се: Меѓународниот суд за арбитража при Меѓународната трговска комора во Париз, Судот за Меѓународна арбитража во Лондон, Маѓународниот арбитражен суд при Трговската комора во Цирих, Институтот за арбитража при Трговската комора во Стокхолм, Арбитражниот центар во Хонг Конг, Регионалниот центар за арбитража во Каиро и други.

Покрај арбитражите востановени во согласност со националните законодавства, за решавање спорови од внатрешните деловни односи, во повеќе земји, како на пример, Франција, Австрија, Швајцарија, Англија, Шведска и др., преку донесување нови закони или изменувања на постојните закони, арбитражите се појавуваат и како меѓународни центри за арбитража, оспособени да дадат најповолни услови за арбитражно решавање на споровите, независно од домицилот на странките кои ја договориле нивната надлежност.

За одбележување е и сè позначајната улога што во оваа област ја има Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз. Тој арбитражен суд е водечка арбитражна институција во светот, основана во далечната 1923 година, со цели и задачи да обезбедува на физичките лица, бизнисите и владите соодветни сервиси во сите фази на нивните спорови. Иако е наречена како суд, Меѓународниот арбитражен суд не спроведува формално судење по прашањата во врска со споровите. Наместо тоа, врши супервизија на арбитражните процедури, посебно со цел да се обезбеди соодветна примена на Правилата на Меѓународната трговска комора, како и да им помага на странките и на арбитрите во надминувањето на евентуалните процедурални препреки.

Во врска со постоењето меѓународни центри за арбитража, според евиденцијата на Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право, меѓународни центри за арбитража функционираат во повеќето земји од светот. Во некои од нив, како Австралија,

Канада, Холандија, Швајцарија, Обединетите Арапски Емирати и Соединетите Американски Држави има по два, а во Индија три, додека Македонија и на пример, Србија, Хрватска, Бугарија и некои други земји не се во евиденцијата на Комисијата, веројатно поради административни пропусти, бидејќи е познато дека при трговските комори на тие земји постојат и фукционираат такви центри, односно постојани избрани судови - арбитражи.

Во врска со арбитражните центри, односно институционалните арбитражи, неопходно да се нагласи дека тие самите не се судови, односно арбитражи кои водат арбитражни постапки и самите не донесуваат одлуки, туку се институции кои вршат административни и стручни работи, како сервиси за потребите на арбитражите кои се формираат кај нив и кои се надлежни за водењето на постапката и за донесувањето на арбитражната одлука.

Информациите што содржат податоци за арбитражните клаузули варираат од договор до договор. Договорните страни во нивните арбитражни клаузули најчесто ги специфицираат правилата кои ќе бидат применети во арбитражната постапка, бројот на арбитрите и, понекогаш, бараните квалификации и искуство на тие арбитри, јазикот на арбитражната постапка, местото на расправата и седиштето на арбитражата. Други одредби се внесуваат во договорите, во зависност од природата и карактерот, односно видот на трговската соработка, но тие не се задолжителни. Степенот на нивното детализирање оди во прилог на тоа решавањето на споровите по пат на арбитража да биде прифатливо за договорните страни.

Договорните страни секако можат да ги прилагодат нивните арбитражни спогодби да обезбедат арбитражна процедура скроена за странките и за видовите на споровите кои можат да произлезат меѓу нив. На пример, договорните страни можат да ги ограничат фазите на арбитаржната постапка, како и фазата на поднесување на документи, односно докази. Со обезбедување на арбитер поединец во соодветните случаи, исто така, може да го намали времето на одделните постапки, вклучително на формирањето на арбитражниот совет и времето за размислување и донесување на арбитражната одлука.

Прашањето на јурисдикцијата, односно определувањето на правила во решавањето на трговските, посебно меѓународните трговски спорови, е од фундаментално значење за авторитетот и овластувањето за донесување одлуки од страна на арбитражата. Одлуките што евентуално би се донеле без јурисдикција, односно договорени правила, не се легитимни. Отсуството на јурисдикција, односно правила за арбитражно одлучување претставува една од неколкуте признати причини поради кои судот може да ја отфрли одлуката или пресудата на арбитражниот совет.

Иако странките можат слободно да ги изберат правилата кои ќе се применуваат на арбитражното решавање на евентуалниот трговски спор, вообичаена практика е тие да се повикуваат на расположивите системи, односно правила, кои низ досегашната примена се потврдиле како најделотворни за арбитражните постапки. Доколку странките кои склучиле арбитражна спогодба не го изберат правото кое ќе се применува во арбитражната постапка, тоа наместо нив ќе го сторат арбитрите.

Како што е познато, бројни институции со седиште насекаде во светот, од кои дел се опфатени и во овој текст, вршат администрирање на трговските, посебно на меѓународните трговски арбитражи. Сите тие институции нудат пакети на процедурални правила кои странките можат да ги внесат во нивните арбитражни договори, а многу од нив администрираат и во примената на други компатибилни правила, вклучително и најшироко прифатените „Правила за меѓународна трговска арбитража“, објавени од Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право (УНЦИТРАЛ), кои беа прифатени во 1976 година, со неколку подоцнежни измени, и се користени во решавањето на голем број спорови, вклучувајчи и спорови меѓу приватни комерцијални партнери кога нивното решавање не се врши преку арбитража, како и во комерцијалните спорови администрирани во арбитражни институции.

Арбитражните правила на УНЦИТРАЛ обезбедуваат широка збирка на процедурални правила според кои странките можат да се договорат за арбитражните процедури во врска со нивните комерцијални односи и се широко применети во ад хок арбитражите, како и кај администрираните, институционалните арбитражи. Правилата ги

покриваат сите аспекти на арбитражната постапка, обезбедувајќи модел на арбитражната клаузула, процедурални правила во врска со изборот, односно именувањето на арбитрите и водењето на арбитражната постапка и правила во врска со формата, ефектите и интерпретацијата на арбитражната одлука.

Постојат значителни разлики меѓу институционалните правила за решавање на споровите по пат на арбитража, но претежно сите тие содржат низа на препораки во врска со почетокот на арбитражната постапка, какво барање да биде поднесено, како да се именува арбитражниот совет, како да се води арбитражната постапка, кога и кои информации ќе бидат разменети меѓу странките пред расправата, кои привремени мерки може да бидат побарани, како да тече расправата пред арбитерот поединец или пред арбитражниот совет, формата на арбитражната одлука, како да бидат покриени трошоците на арбитражата и друго.

Определувањето на седиштето на арбитражата, што подразбира локација каде се води расправата е едно од најважните обележја на арбитражната клаузула. Определувањето на седиштето на арбитражата го определува и законот според кој ќе се раководи арбитражната постапка и често, можеби и поважно, процесот и правата поврзани со извршувањето на арбитражната одлука. Во таа смисла, арбитражната практика оди во насока дека иако со арбитражната клаузула е утврдено правото, според кое ќе се раководи, односно применува договорот, при што тоа може да биде некое национално законодавство кое може да ја следи националноста на едната или на двете договорни страни, седиштето на арбитражата е круцијално за заштитата на една арбитражна одлука и за нејзината извршливост.

Пропуштањето со арбитражната клаузула или на друг соодветен начин да се определи седиштето на арбитражата, може во крајна инстанца да резултира со неизвршливост на арбитражната одлука. Понатаму, при недостатокот на арбитражна клаузула, законот во седиштето, кој често не е истиот закон како законот кој се применува на договорот, вообичаено, исто така, се применува на арбитражната клаузула. Важно е да се сфати дека законот применет на договорот нормално не се однесува и на арбитражната клаузула, бидејќи арбитражната постапка егзистира независно и одвоено од другите договорни одредби.

Определувањето на јазикот на кој ќе се види арбитражната постапка, исто така, е од голема важност и претставува културно и легално достигнување во спроведувањето на трговската арбитража, посебно на меѓународната трговска арбитража. Иако на јазикот на кој ќе се води арбитражната постапка често се гледа како на прашање од второстепено значење, изборот на прикладен процедурален јазик во договорот за арбитража може да има мошне значајна улога во ефикасноста на арбитражнаите процедури. Со определувањето на јазикот на арбитражата се надминува првата бариера во постапката пред арбитражата. Странките, правниците и арбитрите, вообичаено зборуваат различни јазици или не се со ист степен на познавање на истиот јазик. Од тие причини, кој јазик или јазици ќе бидат користени во арбитражата е пресудно за три димензии во арбитражната постапка: еднаквоста на странките, составот на арбитражниот совет и контактите со националните судови. Решавањето на прашањето на јазикот на арбитражата е основен предуслов за надминување на проблемите што настануваат поради јазичните разлики во меѓународната арбитража. Ако јазичните разлики останат нерешени, односно несоодветно се решени, тие веројатно ќе ја комплицираат арбитражната постапка и да ја направат многу поскапа ако е потребно да се вршат преведувачки услуги, наместо самите учесници во арбитражната постапка да комуницираат меѓу себе и со арбитражниот совет.

Именувањето на еден или повеќе арбитри е еден од основните предуслови за спроведување на арбитражната постапка. Имајќи предвид дека арбитрите се лицата од кои најмногу зависи почетокот, текот и завршетокот на арбитражната постапка со донесување на арбитражна одлука, која зависи само од нив, не постои поважна обврска за странките во спорот од тоа да изберат најдобар можен арбитер, односно арбитри да ја водат арбитражната постапка. Тоа во прв ред подразбира дека, покрај способностите утврдени со правилата на арбитражата, арбитерот треба да има доволно квалификации и искуство да ги разбере сите факти и прашањата кои ќе бидат разгледувани во постапката. Арбитерот поединец може да биде избран само по меѓусебна согласност на договорените страни, додека членовите на арбитражниот совет, составен од тројца арбитри, ги именуваат страните во спорот по еден арбитер, кои со взаемна согласност го именуваат претседателот на советот, или ако не постигнат согласност, именувањето се врши според договорените правила на арбитражата, најчесто од страна на претседателот на арбитражната институција.

Одлуката за тоа дали арбитражниот спор ќе го решава арбитер поединец или арбитражен совет најмногу зависи од видот, односно големината и сложеноста на спорот, како и од потребата за ефикасно и брзо завршување на арбитражната постапка со што е можно помали трошоци на постапката. Притоа, секако е полесно постапката да ја води арбитер поединец, во кој случај не се потребни консултации со другите членови на арбитражниот совет, кои може да се сложат или да не се сложат во мислењата во врска со одредени прашања во арбитражната постапка, што може да одземе значително време и пари или да предизвика други проблеми во арбитражната постапка. Постојат општопризнаени и прифатени критериуми за избор на арбитрите во арбитражните постапки, како што се: непартијноста, независноста, чесноста, способноста, односно стручноста и искуството, но во многу случаи странките мора да земат предвид и многу други елементи, ако сакаат да обезбедат најсоодветна арбитражна постапка, да се чувствуваат релаксирано и неоптоварено при нејзиното водење и, нормално, да очекуваат донесување на најсоодветна арбитражна одлука.

При договарањето евентуалните спорови да ги решаваат по пат на арбитража, странките треба секогаш да обезбедат механизам за конечна, обврзувачка и извршителна арбитражна одлука, преку арбитражно, при доброволно извршување, или судско постапување, во случај на присилно извршување. Едноставно, арбитражната клаузула треба да содржи одредби дека сите недоразбирања, односно споровите што може да произлезат од или во врска со договорот за трговска соработка ќе бидат решени пријателски преку преговори меѓу странките, со определување на рокот во кој истите треба да бидат завршени, како и дека, ако странките не постигнат согласност во тој рок, спорот ќе го решаваат по пат на арбитража, при што ако се определат за институционалната трговска арбитража при која ќе се спроведе постапката, треба да утврдат дека постапката ќе се спроведува според нејзините правила, а ако се определат за ад хок арбитража, треба да утврдат според кои правила истата ќе се спроведува.

Арбитражата е корисна не само во решавањето на трговските спорови меѓу субјектите чие седиште е во иста држава, туку, со оглед на примената на Њујоршката

конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки, и за споровите меѓу субјекти од различни држави.

Глобалната извршливост на одлуките на трговската арбитража, осигурана со Конвенцијата за признавање и извршувањена странските арбитражни одлуки (заеднички наречена Њујоршка конвенција од 1958 год.) е мошне големо достигнување што го ужива арбитражата наспроти судската постапка во споровите што произлегуваат помеѓу субјекти од различни држави. Таа предност не остана незабележана меѓу многуте бизниси вклучени во глобалната економија. Иако нема прецизни податоци, најреална проценка е дека 90% од сите модерни меѓународни комерцијални договори содржат арбитражни спогодби.

Меѓународната трговска арбитража е консензуална, што подразбира дека странките мора да го одберат арбитрирањето, при што не треба да има ривалитет меѓу нив. Арбитражата претежно се избира за решавање на споровите што произлегуваат од глобалната комерција во скоро сите дејности. Дејностите кои се посебно активни во меѓународното трговско арбитрирање се: воздухопловството, енергетиката, фармацијата, банкарството, финансиските услуги, осигурувањето, производите за исхрана, рударството, нафтената и индустријата за гас, земјоделството, градежништвото и инжинерингот, телекомуникациите, берзите и професионалните сервиси. [13]

Предностите на арбитражното решавање на споровите во однос на традиционалните правни процедури пред државните судови се и во тоа што арбитрите што ќе одлучуваат во спорот вообичаено имаат поголеми технички, стручни и други познавања на материјата за која треба да одлучат, како и познавања за комерцијалните норми, релевантни за подрачјето на работењето во кое произлегло недоразбирањето, односно спорот, за разлика од професионалните судии, кои не е можно да се експерти за сите области, односно прашања кои се разгледуваат при одлучувањето, како и дека постапката секако е пофлексибилна и се прилагодува на потребите на странките, поекспедитивна е, а со тоа постојат предуслови да биде и поевтина. Во таа смисла, Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој (УНКТАД) афирмира дека арбитражата им

[13] Paul Klaas (2017). College of commercial arbitration: International commercial arbitration, .

дозволува на страните да изберат лица со специјализирани знаења да одлучуваат за нивниот спор. Судиите во државните судови е помалку веројатно да поседуваат ист степен на стручност од технички аспект за трансакциите кои доаѓаат пред нив како лицата кои ги претставуваат страните и кои подоцна можат да бидат арбитри во слични трансакции. Така, на пример, во составот на арбитража во градежништвото може да има инжинери или архитекти, исто како што како арбитри учествуваат правници. [14]

Странките во арбитражата очекуваат дека ќе имаат целосна и фер можност да ги презентираат нивните барања и одбрани и документацијата која им оди во прилог. Но, кога комерцијалниот случај е широк или компликуван поради тоа што вклучува повеќе учесници, тешки или невообичаени обележја или едноставно голем износ на пари, секој што е инволвиран, странките, нивните советници, односно застапници и арбитрите, мора да настојуваат, покрај потребата да ги држат трошоците на ниско ниво и да избегнат непотребни одлагања, да осигураат спроведување на една фер постапка. Достигнувањето на овие двојни, наизглед конфликтни цели, бара далекувидост и планирање за време на почетните фази на арбитражата.

Во таа смисла, првите два чекора во арбитражната постапка се изборот на арбитерот и учество на еден или повеќе прелиминарни состаноци. Изборот на прав арбитер и на соодветни процедури за водење на постапката се од значење за секој случај. Но, тие се често мошне критични во големите или комплексни предмети, поради многуте патишта преку кои постапката може да биде одолговлекувана. [15]

Во комерцијалното работење често настануваат случаи, од кои призлегуваат недоразбирања, односно спорови, кои, поради својата осетлива природа, бараат доверливо решавање. Тоа може да се случи ако во спорот се инволвирани привилегирани информации или особено осетливи предмети.

Поради тоа, странките во арбитражниот договор самостојно утврдуваат на кој начин во арбитражната постапка ќе биде обезбедена неопходната заштита на доверливоста,

[14] Mastercard Bizz, Connect Americas (2018). Six reasons for choosing commercial arbitration,

[15] Raymond G. Bender Jr. (2009). ARBITRATION, Critical first steps in complex commercial arbitration,

односно тајноста, нормално со респект кон потребите на науката за предавање и студирање во врска со арбитражата, како и потребите за што пошироко информирање на субјектите кои сè уште не биле вклучувани во арбитражното решавање на споровите за предностите на арбитражното решавање на споровите во однос на традиционалните правни процедури пред државните судови.

За жал, кај многу арбитражи, меѓу кои и институционални, принципот на тајност, односно доверливост се применува екстремно, во смисла надвор од арбитражата да не се даваат информации во врска со одредени арбитражни спорови, што, од друга страна, не придонесува трговската арбитража да се прифаќа пошироко како еден од најдоминантните начини на решавање на споровите во меѓусебните деловни односи меѓу стопанските субјекти во земјите со развиени системи на пазарна економија, особено меѓу стопански субјекти - деловни партнери од различни земји.

Интересот и насоките за што поголемо учество на арбитражите во решавањето на комерцијалните, односно трговските спорови ја наметнува неопходноста од постојано унапредување и трансформација на арбитражите, при што веќе се присутни различни иновации во врска со арбитражните постапки во насока на зголемување на ефикасноста на арбитражните процедури.

Во таа насока е и укажувањето на Европската комисија дека се потребни напори за подобрување на употребата на алтернативото решавање спорови. Арбитражата сè уште не се смета за одржлива алатка за да се осигура правда, било од странките, било од судовите.[16]

Исто така, и со препораките на Советот на Европа и на Европската комисија прифатени во 2002 година се препорачува афирмација на мирењето во трговските спорови.

Тие укажувања и препораки се во насока на обезбедување на достапност на правосудството, како една од главните цели на Европската Унија за воспоставување на подрачје на слобода, сигурност и правда, каде физичките и правните лица нема да бидат оневозможени и обесхрабрени во остварувањето на своите права поради неусогласеност

[16] Европска комисија, Брисел, 29.5.2019, СВД (2019) 218: конечна верзија, Извештај за С. Македонија за 2019

или сложеност на законодавството, цел која во поширока смисла треба да значи, наместо само преку правосудството, вклучување и на алтернативните постапки во решавањето за поединците и деловните субјекти.

Алтернативното решавање на споровите, посебно на трговските, поради својата брзина, едноставност и трошоците на постапката, е поприкладно отколку судските постапки, што се потврдува и преку мислењата во врска со нивното функционирање во изминатиот период. Таквиот став добива на својата тежина и поради фактот дека се неподелени мислењата во меѓународната заедница оти механизмот за вонсудско решавање на трговските спорови придонесува за меѓународната трговска соработка во согласност со мерките на Европската Унија.

Иако арбитражата широко е прифатена како метод за решавање на споровите за права со кои странките располагаат слободно, т.е. за диспозитивните права, а трговската, посебно меѓународната арбитража сè повеќе се прифаќа како еден од најдоминантните начини на решавање на споровите во меѓусебните деловни односи меѓу стопанските субјекти во земјите со развиени системи на пазарна економија, особено меѓу стопански субјекти - деловни партнери од различни земји, присутни се и ставови и мислења, односно трендови во поглед на специјализација на судството од областа на трговските спорови, односно трговските спорови да бидат решавани од страна на специјализирани трговски судови. Притоа, се наведува дека со самиот факт дека споровите на странките ќе бидат решавани од страна на специјализирани трговски судови, чии судии поседуваат продлабочени знаења и експертиза од областа на трговското право, односно судии кои постојано се посветени на постапување по предмети од трговското право, странките во спорот ќе бидат сигурни дека нивниот спор е во рацете на професионалци со соодветно специјализирано знаење.

Се наведува и дека е неспорен фактот дека, по правило, трговските спорови се спорови со поголема вредност, што е уште поважно тоа се спорови со сложени правни прашања. Во таа смисла се наведува дека професионалното насочување на судијата, преку негова специјализација во одредена област, а во овој случај трговското право, е предуслов за квалитетно, ефикасно и брзо судско постапување.

Како аргумент за воведување на специјализирани стопански судови, се наведува и дека преку специјализација на судиите се влијае на ефикасноста на процедурата, како и на целокупниот процес на менаџирање на предметите. Понатаму, дека преку формирање на специјализирани судови се влијае и на растоварување на судовите од општа надлежност со пренесување на дел од предметите. Исто така, специјализацијата на судиите води до донесување на поквалитетни одлуки, особено во сложени предмети кои бараат поконкретни знаења. Покрај тоа, креирањето на специјализирани судови со посебна јурисдикција (надлежност) ќе доведе до создавање на изедначена судска пракса во дадената област за која е надлежен одреден суд, што, од своја страна, ќе доведе до поголем степен на предвидливост на судските одлуки и до зголемување на довербата во судовите, како и претпоставка за намалување на предмети по жалби.

Во поткрепа на ставот, односно мислењето за потребата од воведување на специјализирани трговски судови се наведува дека специјализираното трговско судство функционира во голем дел земји во светот и се наведуваат примерите со Соединетите Американски Држави, Велика Британија, Франција, Италија, Холандија, Германија и други, како и дека во голем дел од овие земји се работи за судски институции формирани пред децении, па и векови, а особено е важно што во последните неколку години се формира или е во план да се формира специјализирано трговско судство со меѓународен елемент во Франција, Германија, Белгија и Холандија, пред кое постапката би се изведувала во целост на англиски јазик и истовремено се дизајнира посебна постапка која прима елементи од арбитражната постапка.

Во однос на специјализираното трговско судство во земјава, се наведува дека опсервацијата во истражувањето детектира два периода на развој на судството во оваа правна област, и тоа периодот од 1954 до 1995 година, кога постојат и успешно работат првостепени трговски (окружни стопански) судови и второстепен трговски (стопански) суд, и периодот после 1995 година, кога овие судови се укинати, а нивните надлежности ги преземаат редовните судови. Се работи за голем број предмети кои им се доверени на редовните судови, со што се зголемува нивната оптовареност, што резултира со бавност во постапката.

Покрај наведувањето на уште неколку аргументи за потребата од воведување на специјализирано трговско судство, иницијаторите наведуваат дека нивното истражување на различни споредбени искуства и голем дел на студии и анализи покажува, а истовремено ги определува нивните очекувања во насока дека е време за нов трет период за развој на трговското судство, преку формирање на специјализирани трговски судови во прва и втора инстанца, дека формирањето на специјализиран трговски суд ќе претставува позитивен ефект за целокупното правосудство во земјава и ќе доведе до подобрување на ефикасноста во постапувањето со трговските спорови. [17]

Спротивно на ставовите и мислењата во врска со потребата од воспоставување на специјализирани трговски судови, постојат и ставови и мислења, според кои арбитражното решавање на трговските спорови треба да добие уште поголемо значење, со тоа што би се востановила така наречена присилна арбитража, што подразбира арбитражна постапка која е надлежна за странките независно од постоењето на нивната волја спорот да го решат токму по пат на арбитража. Таквата арбитража се разликува од другите арбитражи поради недостатокот на волјата и согласноста на странките споровите да ги решат пред избрано тело и во согласност со избраните правила или правилата на тоа избрано тело.

Во врска со т.н. присилна арбитража, односно законското пропишување на обврската на странките својот спор да го доверат на решавање на арбитражен суд, мислење е дека тоа не е синоним за никакво одземање или намалување на правото на странките кои своите спорови ги решаваат пред таков арбитражен суд, напротив, законското нормирање на обврската одредени спорови да се доверат на арбитражен суд всушност претставува поттикнување на ширењето на арбитражната дејност, која, впрочем, се одвива во рамките на прописите кои ги донесува законодавецот, и во која секој поединец може да ги заштити своите права и интереси на ист начин како и другата странка. [18]

[17] Горан Коевски, Дарко Спасевски, Трендови во поглед на специјализацијата на судството од областа на трговските спорови (https://www.akademik.mk/trendovi-vo-pogled…;

[18] Lovric Viktorija (2016). Prisilne arbitraze, https://bib.irb.hr/datoteka;

Без да заземам конкретен став или да изнесувам свое мислење во врска со воспоставувањето на специјализирани трговски судови или во врска со присилната арбитража, сметам дека е потребно на ова место да се укаже, односно да се повторат некои работи во врска со арбитражното решавање на трговските спорови, како, на пример, дека арбитражата претставува приватен метод за решавање на споровите, без да се води судска постапка, т.е. како судски начин на решавање на споровите пред недржавен суд, на кој страните во спорот доброволно му го довериле одлучувањето за конкретниот спор, кој со арбитражата ќе биде дефинитивно и конечно решен; дека иако е недржавен суд, арбитражата е призната од државата, а најзините одлуки се изедначени со правосилните и извшни судски пресуди; дека трговската, посебно меѓународната трговска арбитража сè повеќе се прифаќа како еден од најдоминантните начини на решавање на споровите во меѓусебните деловни односи меѓу стопанските субјекти во земјите со развиени системи на пазарна економија, особено меѓу стопански субјекти - деловни партнери од различни земји; во современите услови на трговско работење арбитражата претставува универзална институција на недржавен судски систем, во функција на потребите на унапредувањето и сигурноста на размената на стоки и услуги помеѓу субјектите, таа е консензуална, односно странките мора да го договорат арбитражното решавање на спорот во случај ако настанат недоразбирања меѓу нив; во современите услови, трговска арбитража, посебно меѓународната, е предмет на интензивно, како внатрешно (национално), така и меѓународно уредување, а националните законодавства посветуваат сè повеќе внимание на начинот на кој ги регулираат арбитражите што се одвиваат на нивната територија, а истовремено на меѓународно ниво се води постојана и жива дебата за тоа како да се унапреди регулаторната рамка на арбитражата, со што меѓународното трговско арбитражно право сè повеќе се оформува како специфично право со национална и меѓународна компонента.

Организирањето и развитокот на алтернативните начини на решавање на споровите претставува право и обврска на надлежните државни органи и тела, институциите кои даваат услуги во алтернативното решавање на споровите и организациите чии членови

имаат интерес нивните спорови да се решаваат преку арбитража или други алтернативни начини за решавање, наместо тоа да го остваруваат во судски постапки.

Меѓутоа, во практиката, иако државното правосудство е предмет на критика од перспективата на домашните корисници, како и на странските посматрачи, посебно од интеграциите кон кои земјава настојува да се приклучи, државните институции во изминатиот период, освен изразувањето на политичка волја, се однесуваат кон алтернативното решавање на споровите како кон институт кој сè уште не е иманентен, односно дека се работи за една сразмерно краткорочна тенденција, со примеси на помодарско следење на светските и регионалните трендови во оваа област.

Веќе оценети како ефективни и флексибилни постапки, арбитражите се соочени со критики во врска со вистинското време и трошоци во однос на унапредувањето и на стандардизацијата на арбитражните процедури. Теоретски, значителни заштеди во време и трошоци ќе бидат можни ако странките и арбитрите можат да се согласат околу процедурите на некој специфичен случај. На пример, додека широк обем на документи, долги пледоајеа и извештаи на експертите, следени со одолговлечување на постапката, можат да бидат соодветни и секако потребни во одредени комплексни случаи, тие често не се соодветни во помалите спорови и водат непотребно и несразмерно одлагање и трошоци.

Но, во практиката може да биде тешко да се обезбеди согласност меѓу странките, дури и кога одреден спор се појавил само поради процедурални прашања. Постојат различни причини за тоа. Тоа понекогаш е поради фактот што поради растечки зголемениот износ на спорот и поголемата транспарентност на арбитражните одлуки, арбитражниот совет се соочува со зголемен притисок да искористи секоја можност да ја унапреди позицијата на неговите клиенти и во некој степен тоа може да подразбира тактики на одолговлечување или вршење притисок на нивните опоненти да ги зголемат трошоците.

Арбитрите можат тешко да ја водат таквата постапка, бидејќи се под притисок да ја заштитат нивната одлука од опасности кои подразбираат дали на странките им се дадени сите можности целосно да го презентираат нивниот случај. Ова е подрачје каде арбитражните институции можат да имаат корисна улога. Многу арбитражни институции

нудат алатки за помош на странките и на арбитрите да постигнат соодветен менаџмент на одлучувањето и повеќето институционални правила содржат услови дизајнирани да осигураат пропорционална арбитражна процедура. [19]

V. МЕЃУНАРОДНИ ИЗВОРИ НА ТРГОВСКОТО АРБИТРАЖНО ПРАВО

Во современите услови, трговската арбитража, посебно меѓународната, е предмет на интензивно, како внатрешно (национално), така и меѓународно уредување. Националните законодавства посветуваат сè повеќе внимание на начинот на кој ги регулираат арбитражите што се одвиваат на нивната територија, а истовремено на меѓународно ниво се води постојана и жива дебата за тоа како да се унапреди регулаторната рамка на арбитражата. На тој начин меѓународното трговско арбитражно право сè повеќе се оформува како специфично право со национална и меѓународна компонента.

Поради значењето и улогата на арбитражите во меѓународното комерцијално работење, присутни се бројни регулативи во врска со нив, како на национално, така и на меѓународно ниво. Како нормативно-правни акти за уредување на арбитражите, зависно од конкретната држава или меѓународна институција, правната рамка на арбитражите претежно ја чинат: договори, спогодби, правилници, закони, конвенции и слично. Притоа, конвенциите, како повеќестрани меѓународни договори, се донесуваат, пред сè, со цел за унификација, унапредување и осовременување на правилата и прописите за арбитража кај и меѓу државите потписници на истите. Со тоа, конвенциите истовремено претставуваат и меѓународно признавање на функцијата на арбитражите во решавањето на меѓународните трговски спорови.

Изворите на меѓународното трговско арбитражно право опфаќаат норми со кои се регулираат прашања поврзани со меѓународната трговска арбитража, како што се засновувањето, текот и ефектите на арбитражата. Основната задача на регулаторната рамка во таа насока е да овозможи полноважност на спогодбата за арбитража, да се определи текот

[19] Global la firm, http://www.nortonrosefulbright.com:Procedural innovations in arbitration

на арбитражната постапка, да се обезбедат конечноста и извршливоста на арбитражната одлука и слично.

Правната рамка за регулирање на меѓународната трговска арбитража во Република Македонија ја чинат Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки од 1958 година, Европската конвенција за меѓународна трговска арбитража од 1961 година и Законот за меѓународна трговска арбитража, преку кој е инкорпориран Модел-законот на УНЦИТРАЛ за меѓународната трговска арбитража од 1985 година.[20]

Соодветно на местото и улогата на Обединетите нации и целите кои се сакало да се остварат преку нивното донесување, Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки и Модел-законот на УНЦИТРАЛ за меѓународната трговска арбитража се конципирани повеќе како акти со кои се дозволува, отколку како акти со задолжителен, обврзувачки карактер.

Така, во врска со извршувањето на арбитражните одлуки се употребува изразот „може да биде“, наместо изразот „ќе биде одбиено“ под еден од наведените услови. Конзистентно со политиката на извршувањето на странските арбитражни одлуки, може да се констатира дека со ниту една одредба од Конвенцијата или Модел-законот не се препорачува на некоја држава да одбие признавање и извршување на арбитражна одлука. Наместо тоа, судот може да го одбие извршувањето и доколку е констатирана некоја од забелешките утврдени во нив. Ова сфаќање за судската автономија при извршувањето на арбитражните одлуки резултира со далекусежни консеквенци, со оглед на фактот дека судот кој ја извршува арбитражната одлука самостојно ги цени потенцијалните недостатоци во процедурата и арбитражната одлука и соодветно одлучува за нејзиното извршување.

Пред усвојувањето на Њујоршката конвенција, решавањето на меѓународните трговски спорови се вршело исклучиво преку меѓународно судско парничење и било нецелосно и незадоволително. Автономијата на странките, во смисла на арбитражното одлучување, била вообичаено отсутна, а можноста за извршување на одлуките зависела од

[20] Тони Десковски (2012). Форма на спогодбата за меѓународна трговска арбитража во правниот систем на Република Македонија, Европско право број 1-2/2012

правилата на меѓународното приватно право на различните правни системи, кои било тешко да се интерпретираат и користат од страна на странските комерцијални учесници во споровите. Поради тоа, решавањето на меѓународните трговски спорови за нив претставувало обесхрабрувачки процес, па често и не пристапувале кон меѓународно судско парничење, без оглед на штетите кои ги трпеле.

Таквата ситуација драматично се променила во 1958 година со усвојувањето на Конвенцијата за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки (Њујоршка конвенција), која претставувала камен-темелник на правото за меѓународна арбитража. До нејзиното усвојување, а и потоа, не постои сличен акт, односно пропис со кој се обезбедува признавање и извршување на арбитражните одлуки во трговските спорови.

За потребата од донесување на конвенција за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки, во рамките на Обединетите нации почнало да се расправа во средината на педесеттите години од минатиот век, како неопходност за поддршка на растечката меѓународна трговија, со оглед дека во тоа време недостасувал системски утврден ефективен пат за извршување во други земји на арбитражните одлуки донесени во некоја држава членка на Обединетите нации.

Во 1953 година Меѓународната трговска комора (МТК) го изготвила првиот нацрт на Конвенцијата за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки за Економскиот и социјалниот совет на Обединетите нации. Со мали измени, Советот ја проследил конвенцијата до Меѓународната конференција во пролетта 1958 година.

Њујоршката Конвенција за решавање и извршување на странски арбитражни одлуки претставува најзначаен инструмент во подрачјето на меѓународното трговско право, најуспешна до сега усвоена меѓународна конвенција и камен-темелник на меѓународната трговска арбитража.

Основните цели на Њујоршката конвенција се да ги охрабри признавњето и извршувањето на арбитражните спогодби и да ги унифицира стандардите што се применуваат на спогодбите за арбитража и според кои се извршуваат арбитражните одлуки

во државите учесници. Значи, таа е фокусирана на две значајни фази на арбитражата: признавањето на арбитражните спогодби и извршувањето на арбитражните одлуки. [21]

Глобалната извршливост на одлуките на трговските арбитражи, осигурана преку Њујоршката конвенција, претставува голема предност на арбитражата во однос на спорењето пред судовите, посебно во споровите настанати меѓу субјекти од различни држави. Таквата предност придонесе за тоа во најголемиот дел од сегашните меѓународни трговски договори странките да го договараат арбитражното решавање на евентуалните спорови.

Тоа во, прв ред, подразбира да се олесни извршувањето на странските арбитражни одлуки преку можноста за поставување при извршувањето само определен број на услови. Поради тоа, основите за одбивање на признавањето на една арбитражна одлука се ограничени на мал број недостатоци во однос на арбитражната постапка или во однос на арбитражната одлука. Притоа, тие недостатоци мора да бидат од сериозна природа и да претставуваат неправилности како невалидност на арбитражниот договор, повреди во врска со арбитражната постапка или загрозување на правниот поредок на државата во која треба да се изврши арбитражната одлука.

Во врска со извршувањето на арбитражните одлуки, Њујоршката конвенција утврдува преклузивност во однос на приговорите кон извршувањето, во смисла што странката не може да поднесе релевантен приговор пред судот преку кој се извршува арбитражната одлука доколку претходно не поднела соодветен приговор за време на арбитражната постапка или пред судовите во седиштето на арбитражата. Иако правилата во однос на преклузивноста не се изречно наведени во Конвенцијата, тие се широко признаени во националните арбитражни законодавства и се сметаат за компатибилни со духот на Конвенцијата и се одразуваат скоро на сите приговори кон извршувањето на арбитражните одлуки.

Њујоршката конвенција обезбедува едноставен, сеопфатен и ефикасен пат за решавање на меѓународните трговски спорови по пат на арбитража и за признавање и извршување на арбитражните одлуки. Таа претставува најмоќен и најуспешен инструмент

[21] Тони Дескоски (2012). Форма на спогодбата за меѓународна трговска арбитража во правниот систем на Република Македонија, Европско право број 1-2/2012

во подрачјето на меѓународното трговско право. Успешноста на Конвенцијата, покрај фактот дека кон истата пристапиле, што подразбира дека ја применуваат над две третини од земјите членки на Обединетите нации, може да се цени и од неспорниот факт за видното зголемување на светската трговија после нејзиното усвојување.

Во своите едноставни одредби Њујоршката конвенција инкорпорира два радикални принципа, кои претставуваат револуционерно унапредување во решавањето на комерцијалните спорови со меѓународни елементи, признавањето и извршувањето на договорите за арбитража и на странските арбитражни одлуки. Тие принципи претставуваат главен придонес за решавање на меѓународните трговски спорови.

Додека прописите пред усвојувањето на Конвенцијата го поддржуваа принципот за автономија на странките преку барање националните судови да ги упатат странките на арбитража, Конвенцијата го инкорпорира системот на признавање на странските арбитражни одлуки во државите кои ја прифатиле Конвенцијата. Понатаму, Конвенцијата уредува минимална правна рамка, но дозволува националните судови да ги извршат странските арбитражни одлуки според повисоки стандарди од оние утврдени во Конвенцијата, односно државите да утврдат повисоки стандарди, но без загрозување на минималните правни рамки утврдени во Конвенцијата.

Конвенцијата обезбедува на оној што ќе успее во постапката на арбитражното решавање на одреден трговски спор, со одлуката на арбитражата да не се стекнува само со права на хартија, туку и со права кои се реализираат во практиката, со оглед на фактот дека со пристапувањето кон Конвенцијата државите се согласуваат да ги извршуваат арбитражните одлуки донесени во друга земја учесничка во Конвенцијата. Притоа, Конвенцијата утврдува услови под кои односната држава може да утврди правила според кои извршувањето на една арбитражна одлука може да биде одбиено, ако истата е донесена со процедурални недостатоци.

Во таа смисла, арбитражната одлука донесена во било која држава потписничка, односно учесничка, може генерално слободно да биде извршена во секоја друга држава

потписничка учесничка, освен во случај ако: странка во договорот за арбитража според правото применливо на неа била без капацитет или арбитражниот договор не бил важечки според правото според кое е склучен; на странка не ѝ е дадена соодветна белешка за именувањето на арбитер или арбитражната постапка или била оневозможена да го презентира својот случај; арбитражната одлука се однесува на прашање кое не е разгледувано во арбитражната постапка; составот на арбитражниот совет не бил во согласност со договорот на странките или недостасува арбитражен договор, како и со законот во местото каде е спроведена постапката; арбитрарната одлука сè уште не станала извршна за странките или била одбиена или суспендирана од страна на овластен орган во земјата каде се водела арбитражната постапка или како последица на законот на кој е заснован арбитражниот договор; предметот на арбитражната постапка не е подобен за решавање преку арбитража или извршувањето на одлуката би било во спротивност со јавниот поредок.

Дополнително, постојат три видови резерви кои земјите можат да ги применат: Конвенционална резерва - некои земји извршуваат само арбитражни одлуки донесени во земја членка на Њујоршката конвенција; Комерцијална резерва - некои земји извршуваат само арбитражни одлуки кои произлегуваат од комерцијални трансакции; Реципрочна резерва - некои земји може да одберат да не ја ограничат Конвенцијата само на одлуки од другите земји договорнички, но можат секако да го ограничат извршувањето на одлуките од земјите кои не се потписнички така што тие би се извршиле врз основа на принципот на реципроцитет. Државите можат да направат една или сите наведени резерви, како и да го определат терминот реципроцитет.

Кога некој спор меѓу странките е решен, странката која го добила спорот треба да ја прими одлуката или пресудата доколку странката која го изгубила спорот ѝ изврши доброволна исплата на досуденото побарување, не е потребно судско извршување на одлуката, односно пресудата. Во спротивно, странката која го добила спорот треба да обезбеди судско извршување во земјата на живеалиштето или седиштето на другата странка или во која се наоѓа имотот на истата.

Според расположивите податоци во базите на институциите кои администрираат во врска со меѓународната трговска арбитража, најголем дел од арбитражните одлуки се извршуваат доброволно, веројатно и поради ефективноста на примената на Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки, односно дека согласно Конвенцијата, пресудата ќе биде извршена во разумен рок, но со дополнителни трошоци за странката која го изгубила спорот.

Конвенцијата бара судовите во државите учесници ефективно да ги применуваат условите утврдени во неа, при што целосната поддршка од државите е најзначајна за меѓународното право и меѓународната трговија, посебно земајќи предвид дека меѓународната трговска арбитража станува сè попопуларно средство за алтернативно решавање на споровите, посебно кај прекуграничните комерцијални трансакции.

Примарна предност на арбитражата во однос на судското спорење е извршливоста на нејзините одлуки, бидејќи арбитражните одлуки се извршливи во најголемиот број земји во светот. Другите предности на арбитражите се во можноста да се избере неутрален совет за решавање на спорот, потоа дека арбитражните одлуки се конечни, дека странките можат да изберат флексибилни процедури за спроведување на арбитражната постапка и доверливоста.

Европската конвенција за меѓународна трговска арбитража беше отворена за потпишување во Женева во април 1961 година, а нејзини потписници се владите на државите членки на Советот на Европа.

Европската ковенција за меѓународна трговска арбитража е мултилатерален договор што регулира одредени аспекти од меѓународната арбитражна постапка. Некои од тие услови покриваат прашања кои, исто така, се опфатени во Конвенцијата за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки (Њујоршка конвенција), која била склучена три години пред Европската конвенција. Опфатот на Европската конвенција е поширок од оној на Њујоршката, бидејќи таа регулира прашања како назначување на арбитрите,

применливото право, забелешки на јурисдикцијата и конкуренција на овластувањата на државните судови.

Со оглед дека одредени мерки во врска со организацијата на арбитражата не се препорачливи, освен во случај на спорови меѓу физички и правни лица кои, од една страна, имаат нивно постојано место на живеење или седиште во државите договарачки или во кои постојат национални комитети на Меѓународната трговска комора и од друга страна, во државите каде не постојат такви комитети, дека условите од Европската конвенција не се одразуваат врз важноста на мултилатералните или билатералните договори што се однесуваат на арбитражата склучени меѓу државите учеснички во Конвенцијата, како и без прејудицирање дека се врши интервенција во Конвенцијата во насока да биде подготвен униформен закон за арбитража, во Советот на Европа беше склучен Договор во врска со примената на Европската конвенција за меѓународна трговска арбитража. [22]

Европската конвенција за меѓународната трговска арбитража предвидува дека терминот арбитражна спогодба значи било која арбитражна клаузула внесена во некој договор или спогодба за арбитража или арбитражна спогодба што ја потпишале странките или е содржана во размена на писма, телеграми или соопштенија преку телекс.[23]

Во сегашната арбитражна практика постигнувањата на Европската конвенција се најпознати во истото подрачје со она на кое се применува Њујоршката конвенција, а тоа е извршувањето на арбитражните одлуки. Притоа, Европската конвенција не обезбедува мислења за извршување на арбитражните одлуки, туку, во контекстот на извршувањето, таа служи како надополнување на Њујоршката конвенција во извршувањето на арбитражните одлуки, со одредени одредби во насока на фаворизирање на извршувањето. Поради тоа е склучен Договорот поврзан со примената на Европската конвенција за Меѓународната

[22] Council of Europe: Agreement relating to Application of the European Convention on International Commercial Arbitration, Paris 17.XII.1962

[23] Тони Дескоски (2012). Форма на спогодбата за арбитража во правниот систем на Република Македонија, Европско право Број 1-2/2012,

трговска арбитража, склучен во 1962 година, без прејудицирање за интервенција во Конвенцијата во врска со еднобразен закон за трговска арбитража.

Според договорот, во односите меѓу физичките и правните лица чии постојани живеалишта се во државите пописнички на истиот, одредбите од Европската конвенција за меѓународна трговска арбитража, што се однесуваат на организацијата на арбитражата, се менуваат под следните услови: ако договорот за арбитража не содржи укажување во врска со мерките содржани во Европската конвенција за меѓународна трговска арбитража, што се однесуваат на тоа дека страните во арбитражен договор ќе бидат слободни во решавањето на нивните спорови: пред постојана арбитражна институција, во кој случај арбитражната процедура ќе се води во согласност со правилата на таа институција; пред ад хок арбитража, во кој случај ќе бидат слободни во изборот на правилата; пред именувани арбитри или да договорат ставови за нивно именување по повод на некој актуелен случај и да го утврдат местото на арбитражата и да ја утврдат процедурата која ќе ја применува арбитражата или на некоја од тие мерки, било кои потешкотии што произлегуваат во врска со конституирањето или функционирањето на арбитражниот совет ќе бидат проследени на решавање до компетентен орган на страната која ги институционализира процедурите.

Модел-законот за меѓународна трговска арбитража, што беше прифатен од Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право (УНЦИТРАЛ) во 1985 година, е дизајниран да им помогне на државите учеснички во реформирањето и модернизацијата на нивните закони за арбитражните процедури, така што да ги земаат предвид поединечните барања и потреби во меѓународната трговска арбитража. Тој ги покрива сите стадиуми на арбитражната постапка, од арбитражната спогодба, составот и јурисдикцијата на арбитражниот совет и степенот на судска интервенција низ постапката на признавање и извршување на арбитражната одлука. Тоа се одразува на широкиот консензус меѓу државите од сите региони во светот, со различни правни и економски системи, во прифаќањето за клучните аспекти на меѓународната арбитражна пракса. [24]

[24] UNCITRAL-Model Law > New York Convencion, http://www.newyorkconvention.org/uncintral/model+law

Меѓународната трговска арбитража е поле на кое Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право (УНЦИТРАЛ) е посебно активна. Меѓу најголемите достигнувања на Комисијата на ова поле се широко користените Арбитражни правила, вклучително со препораките во функција да им помагаат на арбитражните институции и другите заинтересирани тела во врска со спроведувањето на арбитражните постапки според тие правила.

Во врска со Модел-законот, Генералното собрание на Обединетите нации со своја резолуција препорача дека сите држави треба да даваат соодветно внимание на Модел-законот за меѓународна трговска арбитража, во поглед на усогласување на арбитражните процедури и специфичните потреби на меѓународната трговска арбитражна практика, а Секретаријатот на Комисијата за меѓународно трговско право (УНЦИТРАЛ), заради информирање, изготви Појаснување, според кое Модел-законот конституира здрава и ветувачка основа за потребната хармонизација и унапредување на националните законодавства, при што ги покрива сите степени на арбитражната постапка до признавањето и извршувањето на арбитражната одлука и одразува широк консензус за принципите и важните прашања за меѓународната арбитражна практика. Модел-законот е прифатлив за државите од сите региони и различни правни или економски системи во светот.

Формата на Модел-законот била одбрана како водич за хармонизација и унапредување во поглед на флексибилноста што ја дава на државите во подготовката на нови арбитражни закони. Препорачливо е да се следи Модел-законот толку колку што е можно, за да даде најдобар придонес за посакуваната хармонизација и во најдобар интерес на корисниците на меѓународната арбитража, кои претежно се странски странки и нивни адвокати.

Модел-законот е дизајниран да излезе во пресрет на потребите на националните закони за арбитража на соодветните држави. Потребата за унапредување и хармонизација е заснована врз наоѓањето дека домашните закони често се неприкладни за меѓународни случаи и дека меѓу нив постои значителен диспаритет. Прегледот на националните закони откри значителен диспаритет не само во поглед на индивидуалните прописи и решенија, туку и во роковите за унапредување и оплеменување. Некои закони може да бидат оценети

како застарени, понекогаш како да одат назад во деветнаесеттиот век и често изедначувајќи ја арбитражната со судската постапка. За други закони може да биде кажано дека се фрагментарни, поради тоа што не ги опфаќаат сите релевантни прашања.

Проблемите и несаканите последици што произлегуваат или од задолжителните или незадолжителните прописи или поради недостаток на соодветни прописи се отежнати и од фактот дека националните закони за арбитражна постапка во голема мерка се разликуваат.

Принципите и поединечните решенија прифатени во Модел-законот се насочени кон намалување или елиминирање на наведените загриженост и тешкотии. Како одговор на несоодветностите и диспаритетите во националните закони, Модел-законот презентира специјален правен режим во врска со меѓународната трговска арбитража, без да се нанесе штета на било кој договор што е во сила во државата која го прифаќа Модел-законот. Иако потребата за еднообразност егзистира само во поглед на меѓународните случаи, заради осовременување и унапредување, арбитражното право може да биде преработено исто и во одредена држава во однос на домашните спорови, со што модерната легислатива базирана на Модел-законот би се применувала на двете категории на спорови.[25]

Настанувањето на Модел-законот на УНЦИТРАЛ се поврзува за работата на правните стручњаци во седумдесеттите години од минатиот век во врска со недостатоците во текстот и практиката на Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки. Документот е наречен Модел-закон бидејќи по својата универзалност потсетува на меѓународна конвенција, а од друга страна претендира да биде пример или модел со факултативен, а не нормативен карактер на извор на правото. Комисијата на Обединетите нации за меѓународно трговско право се обидела да изврши модернизација и хармонизација на различните арбитражни системи на мошне оригинален начин, а тоа е препорачување на Модел-законот, што националните законодавства треба да го земат за разгледување и сами да одлучат на кој начин ќе го следат. Овој метод се покажал како мошне добар, затоа што во целост или делумно го прифатиле повеќето држави во светот.

[25] UNCITRAL Secretariat explanation of Model-law:Interpretation commercial arbitration, UNCITRAL Secretariat, Vienna International Centre, Austria

Основната цел на Модел-законот е натамошната либерализација на меѓународната трговска арбитража, ограничувањето на улогата на судовите во однос на арбитражата, зајакнувањето на автономијата на волјата, односно слободата на странките самите да го определуваат начинот на решавањето на споровите, определувањето на минимум норми заради обезбедување на објективност во арбитражните постапки, давање рамки за работа на арбитражата кога странките не се во состојба да се договорат околу процедуралните прашања и утврдувањето на одредби со кои ќе се зголеми извршувањето на арбитражните одлуки и ќе се надмине практичниот проблем во примената на Њујоршката конвенција. [26]

Модел-законот на УНЦИТРАЛ понудува широка дефиниција на арбитражната спогодба, со тоа што го презема решението од Њујоршката конвенција дека спогодбата треба да биде во писмена форма, при што со закон се дефинира што прецизно се подразбира под писмена форма.

Според опцијата 1 од член 7 на Модел-законот, арбитражната спогодба е склучена во писмена форма ако е забележана во било која форма, независно од тоа дали арбитражната спогодба или договорот биле склучени усно, со поведение или на некој друг начин. Условот арбитражната спогодба да биде склучена во писмена форма е исполнет доколку постои електронска комуникација и ако информацијата содржана во неа е достапна за понатамошна употреба; електронска комуникација означува секоја комуникација што странките ја остариле преку пораки со податоци (data message); порака со податоци значи информација собрана, испратена, примена или складирана преку електронски, магнетни, оптички или други средства, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на електронска размена на податоци, електронска пошта, телеграм, телекс или телекопија.

Понатаму, арбитражната спогодба е склучена во писмена форма доколку е содржана во размена на тужба и одговор на тужба во кои едната странка го наведува постоењето на арбитражната спогодба, а другата странка тоа не го негира. Повикувањето во некој договор на некоја исправа што содржи арбитражна клаузула, претставува арбитражна спогодба склучена во писмена форма, ако повикувањето е такво што таа клаузула е составен дел од тој договор. Опцијата 2 од член 7 на Модел-законот содржи решение кое целосно ја

[26] Миладин Пејак, Арбитражни поступак по Модел-закону УНЦИТРАЛ, Нови Сад

игнорира формата на арбитражната спогодба. Во неа е предвидено дека арбитражната спогодба е спогодба со која странките ги положуваат на арбитража сите или одредени спорови што настанале или што можат да настанат помеѓу нив од определен правен однос, независно дали тој е договорен или не. [27]

Според Модел-законот, судот пред кој е покренат спор за кој постои арбитражна спогодба, должен е на барање на странката да го отстапи предметот на арбитражата. Тоа е од причини што дека ниту премалата ниту преголемата инервенција на судот во меѓународната трговска арбитража не се пожелни. Идеалниот степен на судската интервенција не зависи не само од теоретските размислувања, туку и од очекувањето на странките во секој специфичен случај, односно дека тие во прв ред ќе посветат внимание на договарањето на арбитражна спогодба.

Со изборот на арбитражата странките очекуваат да ги исклучат судовите од водењето на процедурата и од пресудувањето во спорот. Меѓутоа, арбитражата не може да егзистира без одреден степен на судска интервенција, како, на пример, таа интервенција, во најмала рака, е потребна кога треба да се изврши арбитражната одлука, доколку странката која го изгубила спорот го одбива доброволното исполнување на она на што е обврзана со одлуката. Притоа, не би требало да се очекува да биде прифатена арбитражна клаузула со која странките утврдуваат дека суд не може да има јурисдикција да ја запре арбитражната постапка поради тоа што што предметот не е подобен за арбитража, бидејќи е од јавен интерес превенцијата на арбитражата од неарбитражни работи.

Од согледувањата во националните арбитражни закони, може да се констатира дека постои еден тренд на фаворизирање на ограничувањето на вклучувањето на судовите во меѓународната комерцијална арбитража. Тоа изгледа оправдано врз основа на фактот дека страните во арбитражната спогодба свесно донесуваат одлука да ја исклучат судската надлежност и, посебно во комерцијалните случаи, даваат предност на целисходноста и конечноста во однос на развлечените расправи пред суд. [28]

[27] Тони Дескоски (2012).Форма на спогодбата за меѓународна трговска арбитража во правниот систем на Република Македонија, Европско право, Број 1-2/2012

[28] UNCITRAL MODEL- LAW: International Commercial Arbitration UNCITRAL Secretariat Explanation of Model Law

Странките можат самостојно да го определат бројот на арбитрите, но доколку тоа не го сторат, се именуваат тројца арбитри, при што во врска со именувањето на арбитрите е нагласено дека на никого не може да му биде одземено правото да биде именуван за арбитер само поради неговата национална припадност, освен ако странките не се спогодиле поинаку. Исто така, странките можат да бараат изземање на арбитер доколку постојат околности кои даваат повод за основано сомнение за неговата непристрасност или независност или ако ги нема квалификациите кои странките ги утврдиле со спогодбата.

Во врска со водењето на арбитражната постапка, Модел-законот предвидува дека странките мора да имаат еднаков третман и мора да им биде овозможено да ги изнесат своите ставови, потоа дека странките можат самите да ги определат правилата на арбитражната постапка кон кои арбитражниот совет ќе се придржува, но доколку тоа не го сторат, арбитражниот совет ќе ја води постапката на начин што го смета за поцелисходен, односно посоодветен. Во врска со местото на арбитражата, оставено е странките да го определат истото, а ако не го сторат тоа, местото го определува арбитражниот совет, водејќи сметка за околностите на случајот и погодностите за двете странки.

Со Модел-законот е предвидено дека странките спогодбено се договараат и околу јазикот што ќе се користи во арбитражната постапка, но ако не се договорат, и за тоа прашање одлучува арбитражниот совет, кој може да одлучи кон сите писмени докази да се приложи и превод на јазикот што го определиле како јазик што ќе се користи во арбитражната постапка.

Во согласност со општоприфатениот принцип на автономија на волјата на странките, предодреден за арбитражната постапка, во Модел-законот е утврдено и правото за избор на материјалното право, според кое арбитражата ќе пресуди во спорот што се води пред неа. Основно правило е дека странките се слободни самите да го одберат материјалното право, а доколку тоа не го сторат, материјалното право го определува арбитражниот совет. Модел-законот дозволува арбитрите да го решат спорот и по принципот на правичност, но само со изречна согласност на странките.

Според Модел-законот, арбитражната одлука се донесува со мнозинство на гласови на арбитрите, доколку странките не се договориле поинаку во арбитражната спогодба.

Признавањето и извршувањето на арбитражните одлуки според Модел-законот се врши под исите услови како и според Њујоршката конвенција за признавање и извршување на арбитражните одлуки и воглавно се подударааат со причините за поништување на арбитражната одлука. Меѓутоа, постои разлика во ефектот на овие интервенции, бидејќи кај поништувањето странката тоа го бара во земјата во која е донесена арбитражната одлука, додека барањето одлуката да не се признае и не се изврши се поднесува во земјата во која треба да се признае и изврши арбитражната одлука, односно во земјата во која се наоѓа имотот од кое треба да се изврши. Значи, остварено поништување на арбитражната одлука во земјата во која е донесена одлуката има ефект на секоја друга земја потписничка на Њујоршката конвенција, а одбивањето на признавањето и извршувањето на арбитражната пресуда може да се бара во земјата во која е поднесено барањето за признавање и извршување на арбитражната одлука.

Основите на можностите за одбивање на извршувањето на една арбитражна одлука утврдени во Модел-законот се подударааат со оние утврдени во Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки, односно изршувањето зависи од исклучоците утврдени со Конвенцијата. Следствено на тоа, Модел-законот понудува една исцрпна листа на приговори, односно забелешки на извршувањето. Според одредбите на Модел-законот, признавањето и извршувањето на една арбитражна одлука може да биде одбиено само ако некој од исклучоците се применува.

Соодветно на тоа, странка која се противи на извршувањето на арбитражна одлука не може успешно да се повика дека не е засновано на условите од Њујоршката конвенција, посебно не е дозволена измена на суштината на арбитражната одлука и националното законодавство не може да биде основа за било која одбрана против извршувањето. Листата на можните основи, според кои странките можат да го одбиваат извршувањето, е тесна и дозволува само при најсериозни нерегуларности да претставува основа за одбраната на странката против извршувањето на одлуката.

Со горенаведените, дел од прашањата опфатени во Модел-законот на УНЦИТРАЛ, како и со многуте други одредби во врска со меѓународната трговска арбитража, Модел-законот претставува еден од најважните извори на правото на меѓународната трговска арбитража. Со компаративна анализа на развитокот на меѓународната арбитража и истражување на актуелната состојба во споредбеното законодавство ќе се утврди колкаво е неговото влијание врз развитокот на правната регулатива од областа на арбитражата во националните законодавства. [29]

Денеска многу држави имаат донесено закони за арбитража засновани на Модел-законот на УНЦИТРАЛ за меѓународна трговска арбитража. Тој се применува со Њујоршката конвеција така што условите за изготвување на извршлива арбитражна одлука или барањето до судот да одбие или да не ја изврши истата се исти во Модел-законот и во Конвенцијата.

Модел-законот не ја заменува Њујоршката конвенција, туку се применува со неа. Одлука донесена во земја која не е потписник на Њујоршката конвенција не може да ги користи погодностите на Конвенцијата заради извршување на арбитражната одлука во некоја од земјите потписнички на Конвенцијата, освен ако постои билатернално признавање, како и ако арбитражата биде подведена под условите утврдени со Модел-законот на УНЦИТРАЛ за меѓународна трговска арбитража. Тоа е една од основните причини што во последните години скоро сите земји кои не се потписници на Конвенцијата или немаат донесено закони за арбитража засновани на Модел-законот на УНЦИТРАЛ, а се заинтересирани за свое присуство во светската трговија, настојуваат во своите правни и економски системи да ги вградат овие значајни документи.

VI. УРЕДУВАЊЕ НА ТРГОВСКАТА АРБИТРАЖА ВО МАКЕДОНИЈА

[29] Миладин Пејак, Арбитражни поступак по Модел-закону УНЦИТРАЛ, Нови Сад

Востановувањето на трговска арбитража во Република Македонија, како нужност и потреба, посебно после политичкото и економското осамостојување на земјата и воспоставувањето на принципите на пазарната економија, е од релативно понов датум.

Најголема важност за организацијата и промовирањето на арбитражата во Република Македонија има Стопанската комора на Македонија, како водечка бизнис-асоцијација со традиција подолга од деведесет години. Ова е затоа што во рамките на Стопанската комора на Македонија за првпат во земјава е формиран Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија.[30]

Во услови кога сè уште не постоеше законска регулатива со која се уредува основањето и функционирањето на трговски арбитражни судови во земјата, Собранието на Стопанската комора на Македонија, согласно одредбите на Законот за Стопанската комора на Македонија од 1990 година, со кои е утврдено дека при Стопанската комора на Македонија се организира Постојан избран суд - Арбитража, како самостоен орган, во март 1993 година донесе одлука за формирање Постојан избран суд - Арбитража при Комората.

При формирањето на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, пред сè, се имаше предвид фактот дека арбитражни судови веќе постојат, односно функционираат при, во рамките или во трговско-индустриските, трговските, стопанските и други комори, чиишто членки се претежно субјекти од областа на комерцијалното работење или субјекти кои имаат деловни врски со овие субјекти. Во таа насока, разменувани се искуства за функционирањето и насоки за натамошниот развој на арбитражите во сите држави што настанаа по осамостојувањето од поранешна Југославија, во која функционираа како постојани избрани судови - арбитражи при стопанските комори во републиките, но со ограничени надлежности, со оглед дека Постојан избран суд - арбитража постоеше и при Стопанската комора на Југославија, а за решавање на споровите со меѓународен елемент беше надлежна надворешно-трговската арбитража при Стопанската комора на Југославија.

Исто така, користени се и практиката и актите на најпознатите трговски арбитражи во светот, кои како институции се организирани при, во рамките, или во трговските комори,

[30] Татјана Зороска-Камиловска, Решавање на споровите пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, http://www.mchamber.mk

како што се: Меѓународниот суд за арбитража на Меѓународната трговска комора со седиште во Париз, Арбитражната институција на швајцарските комори, Судот за арбитража во Циришката трговска комора, Eurochambres - Асоцијација на европските комори за индустрија и трговија, Институтот за арбитража на Стокхолмската трговска комора, Постојаните избрани судови - арбитражи при трговските, односно трговско-индустриските комори во сите држави - републики од поранешна Југославија и другите соседни земји и други.

Стопанската комора на Македонија го формираше Постојаниот избран суд - Арбитража како независно и самостојно тело во своите рамки, тргнувајќи и од фактот дека таа има најшироко членство и остварува соработка со многу комори и коморски здруженија во Европа и во светот, членка е на регионални е меѓународни здруженија на коморите, како што се Асоцијацијата на балканските комори (АБЦ), Асоцијацијата на европските комори за трговија и индустрија (Eurochambres) и др., што подразбира најдобри услови за промовирање и функционирање на трговската арбитража во нејзините рамки, односно со нејзина административна, стручна и друга поддршка.

Со Уставот на Република Македонија на странските вложувачи им се гарантира правото на слободно вложување и изнесување на вложениот капитал и остварената добивка во работењето во земјава, како и дека правата стекнати врз основа на вложениот капитал не може да се намалуваат со закон или со друг пропис.

Оваа начелна одредба е операционализирана во законите што беа донесени со цел да се создаде системска регулатива потребна за обезбедување неопходни услови за странски инвестиции, за надворешно-трговско работење, за девизно работење, за трговските друштва, за царинско работење, за данокот на добивка, за концесии, за хартии од вредност и други, која имаше и има позитивно влијание врз поголемата заинтересираност на странските потенцијални инвеститори за вложување средства во Република Македонија.

Странските вложувања најчесто се реализираат преку основање мешовити или сопствени трговски друштва или подружници на подрачјето на Република Македонија. Таквите трговски друштва вршат определена стопанска дејност и работат според законите на Република Македонија, без разлика што сите или дел од нивните содружници се странски лица.

Меѓутоа, иако формално-правно припаѓаат на домашното право, овие трговски друштва имаат и значителни меѓународни обележја, како според своите основачи, носители и учесници, така и според изворите на финансирање, со оглед на вклучувањето странски банки и други финансиски организации во обезбедувањето кредити и други средства за финансирање и слично.

Зголеменото присуство на странските инвеститори понагласено го поставува прашањето на арбитражното решавање на евентуалните трговски спорови, посебно затоа што тие секогаш инсистираат за решавање на евентуалните спорови да се ангажира меѓународна трговска арбитража, односно би прифатиле договорена надлежност на домашната арбитража само доколку оценат дека преку решавањето спорови, посебно со меѓународен елемент, се стекнала со углед во деловниот свет во земјата и пошироко.

Може да се констатира дека со сегашните законски и нормативни решенија, како и со работењето на решавањето спорови за кои е договорена неговата надлежност, Постојаниот избран суд - Арбитража се стекна и ужива углед во деловниот свет и сè почесто се договара нејзината надлежност. Меѓутоа, неопходно е, во рамките на коморската организираност и пошироко, овој вид решавање спорови од деловните односи во поголема мерка да се промовира кај фирмите, посебно малите и средните претпријатија, кои, најчесто, не располагаат со соодветен стручен кадар.

Во врска со арбитражното решавање на споровите и извршувањето на арбитражните одлуки, како законски прописи во земјава се применува Законот за парничната постапка од 2011 година, односно неговите одредбите за постапката пред избраните судови и Законот за меѓународната трговска арбитража од 2006 година, а Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија функционира како како самостојна и независна институција во согласност со одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража од 2011 година.

Во Законот за парничната постапка нема посебни одредби за трговската арбитража, уште помалку за меѓународната трговска арбитража, за разлика од многу други земји, кои во своите прописи имаат вградено одредби кои се однесуваат на меѓународната трговска арбитража која се спроведува во тие земји.

Во Законот за парничната постапка посебно е уредена постапката пред избраните судови, но иста постапка се применува и во случај кога дерогацијата на надлежноста на судот во парничната постапка е во корист на избраниот суд.

Во правната теорија и во законодавството има различни определувања на поимите избран суд и арбитража, кои се движат од гледиштето дека поимно станува збор за различни огргани за судење, до гледиштето дека поимно станува збор само за различно именување на ист орган. Исто така, што се однесува за правната природа на арбитражата, има различни гледишта. Така, на пример, според цивилистичката теорија, на арбитражата не ѝ се признава карактер на правосуден орган, додека според публицистичката, јурисдикциона или процесуална теорија, тој карактер ѝ се признава.

Договарањето на надлежноста на избраниот суд е возможно како во внатрешните, така и во споровите со меѓународен елемент. Во споровите без меѓународен елемент (внатрешни спорови) странките правата со кои слободно располагаат можат да ги изнесуваат пред постојаните избрани судови, основани при стопанска комора или друга организација предвидена со закон, ако не е утврдено дека определени видови спорови ги решава исклучиво друг суд.

За спорови со меѓународен елемент странките можат да договорат надлежност на домашен или странски избран суд, ако се исполнети следните услови:

- да станува збор за права со кои странките слободно располагаат;
- едната од странките да е странско физичко или правно лице;
- за решавање на спорот да не е предвидена исклучива надлежност на македонски суд.

Законот за парничната постапка не содржи изрични одредби за постапката пред арбитер поединец или пред арбитражен совет, кои делуваат во рамките на институционалната арбитража, поради што може да се заклучи дека одредбите на тој закон во прв ред се наменети за ад хок арбитража.

Карактеристично е што Законот за парничната постапка воопшто не го спомнува терминот арбитража, ниту терминот арбитер или арбитри, ниту пак арбитражна постапка, како е случај со законите за парнична постапка во државите кои произлегоа од поранешните југословенски републики.

Наместо тоа, без да го дефинира поимот избран суд, наведува дека со одредбите на законот се уредува постапката пред избраните судови, чие седиште е во Република Македонија, освен ако од одредбите на друг закон или меѓудржавен договор не произлегува дека определен избран суд, чие седиште е во Република Македонија, се смета како странски избран суд, што е сосема нелогично.

Исто така, од дикцијата на законот, во чии одредби се употребуваат поимите странски или домашен избран суд, судија на избраниот суд, самоизземање на судија, потоа дека бројот на судиите (не арбитрите) на избраниот суд мора да биде непарен, дека постои избран суд од повисок степен и сл., може да се заклучи дека законот, наместо да го го уредува институтот трговска арбитража во решавањето на трговските спорови, во насока на нејзино унапредување и усовршување, на еден сосема несоодветен начин уредува решавање т.н. спорови со меѓународен елемент и спорови без меѓународен елемент, поради што, во интерес на унапредување на арбитражното решавање на споровите, законот треба да претрпи целосни измени, со кои прашањата во врска со трговската арбитража ќе бидат уредени согласно меѓународните конвенции и договори што ги склучила земјата, како и според примерите на законите со кои се уредува арбитражата во развиените земји со системи на пазарна економија.

Со Законот за меѓународната трговска арбитража за првпат комплексно се уредува меѓународната трговска арбитража доколку местото на арбитражата е на територијата на Република Македонија, а одделни негови одредби се применуваат и кога местото на меѓународната трговска арбитража не е на територијата на Република Македонија.

Според овој закон, арбитражата е меѓународна доколку:

- барем една од странките, во времето на склучувањето на арбитражната спогодба, е физичко лице со живеалиште или трајно престојувалиште надвор од територијата на Република Македонија или е правно лице чие седиште не е на територијата на Република Македонија или

- местото каде што треба да се изврши значителен дел од обврските на трговскиот однос или местото со кое предметот на спорот е во најтесна врска не се наоѓа на територијата на Република Македонија.

Меѓународната трговска арбитража, врз основа на спогодба на странките, ги решава споровите за правата со кои странките слободно располагаат. Арбитражната спогодба мора да биде склучена во писмена форма и доколку странките договориле арбитража за решавање на одреден спор, судот до кој е поднесена тужба во ист спор и меѓу истите странки, на приговор на тужениот, ќе се огласи за ненадлежен, ќе ги укине спроведените дејствија во постапката и ќе ја отфрли тужбата, освен ако најде дека договорот за арбитража е ништовен, дека не произведува правно дејство или дека е невозможно да се исполни.

Со овој закон е утврдено дека тој не се однесува на прашања за кои со закон е пропишано дека за решавањето на одредени спорови исклучиво е надлежен судот во Република Македонија, но и дека Република Македонија правните лица основани од Република Македонија, сите други државни органи, единиците на локалната самоуправа и правните лица основани од нив можат да склучуваат спогодби за меѓународна трговска арбитража.

Утврдено е и дека ако со арбитражната спогодба не е определен бројот на арбитрите, ќе се именуваат тројца арбитри, а никој нема да биде лишен од можноста да биде арбитер поради своето државјанство, освен ако странките поинаку не се договориле.

Арбитражниот суд може да одлучува за својата надлежност, вклучувајќи го притоа и секој приговор во поглед на постоењето или полноважноста на арбитражната спогодба. За таа цел арбитражната клаузула, која е составен дел на некој договор, ќе се смета како договор кој е независен од останатите одредби на тој договор и одлуката на арбитражниот суд дека тој договор е ништовен сама по себе не значи дека е неполноважна и арбитражната клаузула. Карактеристично е што во врска со приговорот дека арбитражниот суд не е надлежен, покрај надлежноста на овој суд да одлучува за него како за претходно прашање, е утврдено правото на секоја странка, ако арбитражниот суд одлучи дека е надлежен, да бара од Основниот суд Скопје 2, кој е утврден како суд за помош и надзор на арбитражата за целото подрачје на Република Македонија, да одлучи за тоа прашање.

При спроведувањето на арбитражната постапка, странките се рамноправни и арбитражниот суд е должен на секоја од странките да ѝ овозможи во целост да ги изнесе сопствените наводи и да се изјани за наводите на спротивната странка.

Странките можат да се договорат за правилата на постапката кон кои ќе се придржува арбитражниот суд при спроведувањето на постапката, за местото во кое ќе се

спроведе арбитражата, како и за јазикот или јазиците на кои ќе се води арбитражната постапка, со алтернативна можност истите да бидат одредени од страна на арбитражниот суд.

Ако странките поинаку не се договориле, арбитражниот суд ќе одлучи дали ќе одржи усна расправа заради изведување на докази, заради усно расправање или постапката ќе се води врз основа на исправи, а, во секој случај, освен кога странките се договориле дека нема да има усна расправа, арбитражниот суд ќе одржи таква расправа во соодветен дел на постапката, доколку тоа го побара некоја од странките. Ако странките поинаку не се договориле, арбитражната постапка е јавна.

Арбитражниот суд одлучува за спорот во согласност со правните правила кои странките ги избрале како меродавни за суштината на спорот, а ако странките не извршиле избор на меродавно право, арбитражниот суд ќе го примени правото за кое смета дека е во најблиска врска со предметот на спорот.

Арбитражната одлука се донесува во писмена форма и мора да биде потпишана од арбитерот поединец или од членовите на арбитражниот совет и во неа мора да се наведат причините врз кои таа е заснована, освен ако странките не се спогодиле да не се дава образложение или ако се работи за арбитражна одлука врз основа на порамнување на странките.

Арбитражната постапка се завршува со донесување на конечна арбитражна одлука или со заклучок на арбитражниот суд за завршување на постапката кога тужителот ќе ја повлече својата тужба, освен ако туженият приговори на тоа, а арбитражниот совет смета дека туженият има оправдан интерес да се донесе конечна одлука во спорот, како и ако странките се договориле за завршување на постапката и арбитражниот суд оцени дека продолжувањето на постапката, од кои било причини, станало непотребно или невозможно.

Како правно средство против арбитражната одлука, донесена врз основа на одредбите на овој закон, може да се поднесе тужба за нејзино поништување до Основниот суд Скопје 2, кој може, под условите утврдени со законот, да ја поништи арбитражната одлука.

Арбитражна одлука донесена според одредбите на законот спрема странките има сила на правосилна судска пресуда и претставува извршна исправа.

Законот содржи и одредби за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки, односно одлуките што не се донесени во Република Македонија, утврдувајќи дека на признавањето и извршувањето на странските арбитражни одлуки ќе се применуваат одредбите на Конвенцијата за признавањето и извршувањето на странсите арбитражни одлуки, донесена во 1958 година во Њујорк (Њујоршка конвенција).

Во Законот за Стопанската комора на Македонија е утврдено дека при Стопанската комора на Македонија постои Постојан избран суд - Арбитража, пред кој членовите на Комората можат да ги изнест меѓусебните спорови заради спогодбено решавање со посредување или со одлучување за тие спорови, ако странките ја договориле надлежноста на овој суд. Одлуките на Постојаниот избран суд се конечни и имаат сила на правосилна пресуда.

Во Статутот на Стопанската комора на Македонија е утврдено дека членовите на Комората можат пред Постојанииот избран суд - Арбитража да ги изнесуваат сите спорови од меѓусебните односи кои самостојно ги уредуваат или кои произлегуваат од правата со кои располагаат, освен оние за кои со закон или со друг пропис е предвидена исклучива надлежност на судовите. Пред Арбитражата своите спорови од меѓусебните односи кои произлегуваат од нивната стопанска дејност можат да ги изнесуваат и други организации и заедници, во рамките на правата со кои располагаат.

Според информациите од Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, просечното времетраење на постапките изнесува 7,5 месеци и тоа се однесува од моментот на поднесување на тужбата, до моментот на донесување на правосилна одлука. Во практиката Арбитражата бележи и случаи на траење на постапката од четири месеци.

VII. ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА ПОСТОЈАНИОТ ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА ПРИ СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

1. Востановување, фунционирање и промовирање на Постојаниот избран суд - Арбитража

Востановувањето на трговска арбитража во Република Македонија, како институт со големо влијание врз развојот на правосудството, економијата и посебно врз меѓународната економска соработка, се наметна како неодминлива нужност и потреба во условите на политичкото и економското осамостојување на земјата, посебно после воспоставувањето на принципите на пазарната економија и поголемото вклучување на македонската економија во светските економски текови.

Како императив за востановување на трговска арбитража се наметна и фактот дека со уставните одредби на странските инвеститори им се гарантира правото на слободно вложување и изнесување на вложениот капитал и остварената добивка во работењето во земјава, како и дека правата стекнати врз основа на вложениот капитал не може да се намалуваат со закон или со друг пропис, кои одредби беа операционализирани во законите што беа донесени со цел да се создаде системска регулатива потребна за обезбедување неопходни услови за странски инвестиции, како: за надворешно-трговско работење, за девизно работење, за трговските друштва, за царинско работење, за данокот на добивка, за концесии, за хартии од вредност и други, што имаше и има позитивно влијание врз поголемата заинтересираност на потенцијалните странски инвеститори за вложување средства во земјава.

Странските вложувања најчесто се реализираат преку основање мешовити или сопствени трговски друштва или подружници во земјата. Таквите трговски друштва вршат определена стопанска дејност и работат според законите на земјата, без разлика што сите или дел од нивните содружници се странски лица.

Меѓутоа, иако формално-правно припаѓаат на домашното право, овие трговски друштва имаат и значителни меѓународни обележја, како според своите основачи, носители и учесници, така и според изворите на финансирање, со оглед на вклучувањето странски банки и други финансиски организации во обезбедувањето кредити и други средства за финансирање и слично.

Зголеменото присуство на странските инвеститори понагласено го постави прашањето на арбитражното решавање на евентуалните трговски спорови, посебно затоа што тие најчесто инсистираат за решавање на евентуалните спорови да се решаваат преку

меѓународна трговска арбитража, односно би прифатиле договорена надлежност на домашната арбитража само доколку оценат дека таа преку решавањето спорови, посебно со меѓународен елемент, се стекнала со углед во деловниот свет во земјата и пошироко.

Собранието на Стопанската комора на Македонија, согласно одредбите на Законот за Стопанската комора на Македонија од 1990 година, со кои е утврдено дека при Стопанската комора на Македонија се организира Постојан избран суд - Арбитража како самостоен орган, во месец март 1993 година донесе одлука за формирање Постојан избран суд - Арбитража при Комората.

Може да се констатира дека со сегашните законски и нормативни решенија, како и со работењето на решавањето спорови за кои е договорена неговата надлежност, Постојаниот избран суд - Арбитража се стекна и ужива углед во деловниот свет и сè почесто се договара нејзината надлежност. Меѓутоа, неопходно е, во рамките на коморската организираност и пошироко, овој вид решавање спорови од деловните односи во поголема мерка да се промовира кај фирмите, посебно малите и средните трговски друштва кои, најчесто не располагаат со соодветен стручен кадар кој би се ангажирал арбитражното решавање на евентуалните спорови да се предлага уште од почетокот на договорната деловна соработка, при што во врска со решавањето на споровите да се склучува и соодветна арбитражна клаузула.

Во Стопанската комора на Македонија, користејќи ги искуствата на постојниот Постојан избран суд - Арбитража, кој беше надлежен само за решавање на стопански (трговски) спорови помеѓу домашни лица (странки), како и сознанијата за меѓународната практика на полето на трговската арбитража, беше донесен нов Правилник на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, со кој се прошири неговата надлежност и на спорови со меѓународен елемент, со што и во земјава се создадоа услови за арбитражно решавање на трговски спорови со меѓународен елемент.

Седиштето на Постојаниот избран суд - Арбитражата е во Скопје, при Стопанската комора на Македонија, која обезбедува просторни и административни услови за нејзината работа, но Арбитражата е самостојна и независна институција во однос на Комората,

чиишто органи и тела не можат да се мешаат во стручната работа на Арбитражата, односно во постапките што се водат, уште помалку во донесувањето одлуки од страна на арбитер или арбитражен совет.

Притоа, арбитражните совети може да се состанат во било кое место кое е договорено од страна на странките кои ја договориле нејзината надлежност или за кое арбитражниот совет смета дека е најсоодветно за расправање, посебно ако е потребно да се вршат увидни дејства, како преглед на стоки, исправи и слично.

Во изминатиот, иако релативно краток период, Постојаниот избран суд - Арбитража преку своето функционирање во решавањето на спорови од деловните односи меѓу субјекти од земјата, а потоа и со странски субјекти, стекна значителен углед во земјата и пошироко.

Постојаниот избран суд - Арбитража се избори за своето место и углед во деловните кругови во земјата и во странство преку решавањето спорови настанати од меѓусебните односи на стопанските субјекти, посебно во областа на комерцијалното работење (трговски спорови), при што, покрај домашните, сè поголем е бројот и на странски деловни субјекти кои за решавање на ваквите спорови се обраќаат или ја договараат надлежноста на Арбитражата.

За натамошното афирмирање на местото и улогата на Арбитражата, неопходно е што е можно поголем број стопански субјекти од земјата, а преку нив и нивните партнери од странство, да ѝ укажуваат максимална доверба преку договарањето на нејзината надлежност.

Афирмацијата на арбитражата како начин на решавање на споровите се должи на предностите што ги нуди арбитражното решавање на споровите во однос на судењето од страна на државните судови. Избегнувањето на строгите формалности на судската постапка, доверливоста во постапувањето и брзото, доброволно или присилно извршување на арбитражните одлуки, односно наплата на побарувањата, се едни од карактеристиките на арбитражата, коишто бизнис заедницата ги препознава како најсоодветни за надминување на споровите што настануваат при секојдневното деловно работење и за создавање на поволно деловно окружување.

Сепак, според расположивите податоци за решавањето на спорови по пат на арбитража, може да се заклучи дека можностите за арбитражно решавање на споровите што ги обезбедува Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија се користат многу под задоволителниот степен на користење, особено ако се споредат со бројот и видот на споровите што се решаваат арбитражно во другите пазарни економии, особено во земјите членки на Европската Унија, Соединетите Американски Држави, Канада и други.

Заради надминување на ваквата состојба, посебно во интерес на натамошното унапредување на трговската и другата деловна соработка со партнери од наведените земји, неопходно е Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија да постигне целосна афирмација и доверба кај домашните стопански субјекти и институциите, како и меѓународна афирмација, за што е потребно стопанските субјекти, пред сѐ домашните, да се информираат за предностите на алтернативното решавање на споровите во однос на судското, а истовремено стопанските субјекти да ѝ укажуваат максимална доверба на Арбитражата, преку помасовно договарање на нејзината надлежност во решавањето на трговските спорови, како меѓу домашните субјекти (домашна трговска арбитража), така и во меѓународните трговски спорови (меѓународна трговска арбитража).

Поактивното функционирање на Постојаниот избран суд - Арбитражата при Стопанската комора на Македонија е од големо значење за надминувањето на бројните проблеми и недоразбирања и во решавањето на споровите што произлегуваат од деловните односи меѓу македонските фирми или на оние со странски партнери во случаите кога со договорите е утврдено дека евентуалните спорови од тие договорни односи ќе ги решаваат арбитражните судови во државата на туженият.

За да можат деловните субјекти да го решаваат евентуалниот спор пред арбитража, потребно е да имаат склучено полноважна арбитражна спогодба, која може да се јави во вид на арбитражен компромис или на арбитражна клаузула во основниот договор од кој произлегува деловната соработка.

Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, како институционална (постојана) арбитража, за договарање на надлежноста на Арбитражата за решавање на одделни или сите трговски спорови, при што би се одбегнале т.н. манливи арбитражни клаузули, ја препорачува следната клаузула: Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор и во врска со него, вклучувајќи ги споровите за неговата полноважност, ќе се режаваат пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската кокора на Македонија, во согласност со одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража.

Сепак, и покрај многубројните предности на арбитражата, бројот на предмети заведени пред Постојаниот избран суд - Арбитража, иако во последните години бележи тренд на пораст, сè уште е скромен, поради што е потребно и понатаму да се дејствува во насока на поголема промоција на арбитражата како алатка за алтернативно решавање на споровите и препознатливост на Постојаниот избран суд - Арбитража од страна на бизнис заедницата, адвокатската фела и пошироката јавност, како реномиран арбитражен центар во регионални и меѓународни рамки. [31]

Заради зголемување на примената на арбитражата во решавањето на трговските спорови, потребно е Постојаниот избран суд - Арбитража со своите активности да продолжи да го побудува интересот за решавање на споровите по пат на арбитража, а компаниите, како клучни чинители во процесот, преку договарањето на надлежноста на Арбитражата во нивните деловни односи, да придонесат во градењето и развивањето на арбитражната практика во земјата. [32]

2. Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија

[31] Татјана Зороска-Камиловска, Решавање на споровите пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, Стопанска комора на Македонија, http:/www,mchamber.mk

[32] Татјана Зороска-Камиловска, Решавање на споровите пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, Стопанска комора на Македонија, http:/www,mchamber.mk

Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија од 2011 година, како втор од основањето на Постојаниот избран суд - Арбитража, е изготвен следејќи ги искуствата од неговата примена од основањето на Арбитражата до неговото донесување, како и модерните меѓународни трендови во меѓународната арбитража, првенствено со цел обезбедување на странките брза и ефикасна арбитражна постапка, како и обезбедување стручни сервиси и информации од највисок квалитет. Се цени дека со таквиот пристап при изготвувањето, Правилникот е на линија на најдобрите практики кај најпознатите арбитражи во светот, флексибилен е и им овозможува на странките и на арбитрите модерна и ефикасна арбитражна процедура при секој посебен случај на спор што се решава според него.

2.1. Со Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија темелно е регулирана организацијата, постапката и работата на Арбитражата како институција, со што се создадени и *де јуре* и *де факто* услови за натамошен развој на арбитражното решавање на трговските спорови со домашен и со меѓународен елемент.

При изготвувањето на Правилникот се користени примерите и искуствата на арбитражите во државите што настанаа од поранешните југословенски републики, како и на арбитражите од други земји со кои Стопанската комора остварувала соработка, од познатите меѓународни центри за трговска арбитража, сè со цел арбитражната институција да се оспособи и прилагоди на потребите и барањата на стопанството за соодветно администрирање и стручна помош во решавањето на трговските спорови, посебно оние со партнери од странство.

2.2. Арбитражата е конституирана како општа, отворена и постојана и нејзината работа се заснова исклучиво врз принципите на доброволност, независност и самостојност на субјектите кои ја договориле нејзината надлежност. Таа е надлежна вонсудски да ги решава споровите што настануваат во прометот на стоки и услуги, односно трговските спорови, само доколку странките ја договориле нејзината надлежност.

Исто така, споровите од меѓусебните односи во областа на прометот на стоки и услуги (трговски спорови) пред Арбитражата можат да ги изнесуваат и организациите и здруженијата на граѓани, како и други правни физички лица, доколку можат слободно да располагаат со тие права.

Пред Постојаниот избран суд - Арбитража може да се изнесуваат и спорови со меѓународен елемент, под следните услови:

- ако станува збор за трговски спор, за права со кои странките слободно располагаат;
- ако странките ја договориле надлежноста на оваа Арбитража;
- ако барем една од странките е физичко лице кое има постојано место на живеење или престојувалиште во странство, односно правно лице со седиште во странство;
- ако за спорот не е предвидена исклучива надлежност на македонски суд.

Досегашната практика во работењето на Постојаниот суд - Арбитража го потврдува неподеленото мислење дека решавањето на меѓународните комерцијални спорови е поприсутно во работата на арбитражите, отолку решавањето на домашните спорови. Тоа може да се констатира и од Кратиот приказ на одделни предмети решени во постапки пред Постојаниот избран суд - Арбитража. Тоа веројатно се должи на поголемата доверба и промовирањето на арбитражата како најсоодветна алатка за решавање на комерцијалните спорови.

2.3. Со Правилникот е утврдено дека седиштето на Постојаниот избран суд - Арбитража е во Скопје, при Стопанската комора на Македонија, но арбитражните совети може да се состануваат, односно да ја водат пропишаната арбитражна постапка во било кое место кое е договорено од страна на странките кои ја договориле неговата надлежност или за кое арбитражниот совет смета дека е најсоодветно за расправање, посебно во случај на потреба од преглед на стоки, други работи или исправи. Во таков случај судот е должен благовремено да ги извести странките, за да можат да присуствуваат на увидот, но пресудите ги донесува во седиштето на Арбитражата.

Од наведеното произлегува дека седиштето на Арбитражата, кое е во Скопје, не е, односно не мора да биде исто со местото, односно локацијата каде се спроведува

арбитражната постапка, што е мошне важно да го имаат предвид странките при составувањето на арбитражната клаузула, бидејќи според седиштето на Арбитражата се определува законот според кој се води арбитражната постапка.

2.4. Согласно Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража, членовите на Комората можат пред Арбитражата да покренуваат и постапка за посредување, спогодување, односно решавање на споровите настанати од меѓусебните односи во областа на прометот на стоки и услуги (трговски спорови) што самостојно ги уредуваат според правата со кои слободно располагаат, освен оние за кои со закон или друг пропис е утврдена исклучива надлежност на судовите.

Во врска со одредбата со која се утврдува дека постапка за посредување, спогодување, односно решавање на споровите настанати од меѓусебните односи во областа на прометот на стоки и услуги пред Постојаниот суд - Арбитража можат да покренуваат членовите на Комората, тргнувајќи од определбата дека Арбитражата е конституирана како општа, отворена и постојана и нејзината работа се заснова исклучиво врз принципите на доброволност, независност и самостојност на субјектите кои ја договориле нејзината надлежност, а во изминатиот, иако релативно краток период, Постојаниот избран суд - Арбитража преку своето функционирање во решавањето на спорови од деловните односи меѓу субјекти од земјата, а потоа и со странски субјекти, стекна значителен углед во земјата и пошироко, при што, покрај домашните, сè поголем е бројот и на странски деловни субјекти кои за решавање на ваквите спорови се обраќаат или ја договараат надлежноста на Арбитражата, и надлежноста на Постојаниот избран суд – Арбитража, според оваа одредба, треба да се однесува на сите субјекти, домашни и странски, кои ја договориле неговата надлежност.

2.5. Договарањето на надлежноста на Арбитражата се врши со арбитражна спогодба во писмена форма. Исто така, договарањето може да биде и во форма на арбитражна клаузула во основниот договор или како посебен арбитражен договор, со кој недвосмислено се утврдува дека спорот ќе го решава Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија во согласност со нејзиниот Правилник. Меѓутоа, странките можат

спогодбено да отстапат од примената на одредбите на Правилникот, но само под услов ако тоа не е во спротивност со јавниот поредок на земјава.

Тоа подразбира дека при договарањето на надлежноста на Постојаниот избран суд - Арбитража во целост се применува еден од најбитните принципи на арбитражата, а тоа е автономијата на волјата на странките, која се изразува преку договорот меѓу странките, а се конституира со цел за решавање на нивниот спор преку оваа Арбитража. Арбитражата им обезбедува на странкитеда ја избегнат комплицираната судска процедура, да го изберат местото каде ќе се спроведуваат арбитражните дејствија, како и самостојно и слободно да го изберат арбитерот или арбитрите на кои ќе им го доверат решавањето на спорот, без било какво влијание, односно наметнување при изборот од страна на Постојаниот избран суд - Арбитража. Со тоа на странките им се обезбедува правна положба која овозможува нивниот спор да биде решен на целосно објективен, односно неутрален и непристрасен начин.

За договарање на надлежноста на Арбитражата за решавање на евентуалните спорови меѓу деловните партнери, Постојаниот избран суд - Арбитража препорачува во договорите да се внесува следнава клаузула:

„Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, вклучувајќи ги и споровите за неговото толкување или полноважност, ќе се решаваат спогодбено. Ако спорот не може да се реши спогодбено, истиот ќе се решава пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, во согласност со одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража.“

Со Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија се цели преку Абитражата, како неутрално и независно тело составено од искусни арбитражни практичари, да се обезбеди соодветна административна поддршка и сервиси на странките во постапките што се водат пред Арбитражата, како и мислења во врска со донесувањето на арбитражна одлука, користејќи ги притоа сознанијата за најдобрите практики и меѓународни стандарди во арбитражното решавање на трговските спорови, без притоа да се влијае врз донесувањето на одлуките од страна на арбитрите-поединци или на арбитражните совети.

На тој начин постапката пред Арбитражата е поекспедитивна и поевтина отколку постапките пред државните судови, посебно во решавањето на меѓународните трговски спорови. За таа цел, а со оглед на на нивната стручност и искуството во комерцијалното работење и во решавањето на арбитражни спорови, арбитрите најчесто се одбираат од листата на нејзините експерти за одделни прашања во врска со спорот.

2.6. Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија е должен да го примени она право кое како меродавно за суштината на спорот во договорот го одредиле самите странки во спорот. Во случај кога странките не го одредиле меродавното право, Арбитражата ќе го примени правото на кое упатуваат правилата за судир на законите за кое смета дека може да се примени.

Арбитражата може да одлучува и според принципот на правичност, но тоа е можно само доколку странките изрично ја овластиле за тоа и ако тоа го дозволува правото меродавно за арбитражната постапка.

Во секој случај, Арбитражата е должна да донесе одлука во согласност со одредбите на договорот и да ги земе предвид трговските обичаи што се меродавни за предметната работа.

Во врска со правото кое е меродавно за суштината на спорот, општоприфатен принцип е дека странките вклучени во некоја комерцијална трансакција, било домашна или меѓународна, се слободни во изборот на правото кое ќе се примени на нивниот договор и дека арбитерот поединец или арбитражниот совет е должен да ја почитува автономијата на странките во тој поглед. Овој принцип на автономија на волјата на странките, покрај во националните прописи и арбитражни правила, е прифатен и според меѓународните конвенции и институционални арбитражни правила.

Вообичаено, договорните страни во своите договори внесуваат одредба со која се утврдува меродавното право за суштината на договорот, како дека важноста, содржината и исполнувањето на правата и обврските утврдени со договорот ќе бидат толкувани и реализирани во согласност со законите на одредена држава, во комбинација со примена на системот на правичност или секој одделно. Што се однесува до наведувањето на правото на одделна држава, карактеристично е што многу често се наведува швајцарското право, без притоа странките да го познаваат истото или и кога за предметниот договор не би била

најсоодветна неговата примена. Од тие причини, со целосно почитување на автономијата на волјата на странките при определувањето на меродавното право, од нивни интерес е пред тоа да направат консултации во Постојаниот избран суд - Арбитража или во друга стручна институција.

2.7. Постапката пред Постојаниот избран суд - Арбитражата, по правило, се води на македонски јазик, но поставеноста, отвореноста и флексибилноста на Арбитражата овозможува странките да се договорат постапката да се води на друг јазик. Во случај кога странките не се договориле на кој јазик ќе се води постапката, тоа ќе го стори арбитерот поединец, односно арбитражниот совет.

Во врска со јазикот на кој ќе се води арбитражната постапка, имајќи предвид дека пред Постојаниот избран суд - Арбитража се поведуваат сè повеќе постапки во кои барем едната странка е странско правно лице, јазикот на арбитражата е првата бариера која мора да биде надмината, поради фактот дека странките, нивните застапници и арбитри зборуваат различни јазици и нивната еднаквост во арбитражната постапка многу зависи од примената на јазик кој е најблизок за двете странки, или, ако тоа не е можно, проблемот би трбало да биде надминат со ангажирање на Постојаниот избран суд - Арбитража во обезбедувањето соодветен превод за странката на која тоа и е потребно.

2.8. Споровите пред Арбитражата се решаваат од страна на арбитер поединец или преку арбитражен совет составен од тројца арбитри, во зависност од тоа како се договориле странките. Секоја странка именува по еден арбитер во советот, а тие спогодбено избираат претседател на арбитражниот совет. Во случај ако арбитрате не се договорат и не изберат претседател на арбитражниот совет, тогаш претседател на советот именува претседателот на Постојаниот избран суд - Арбитража.

Странките своите арбитри ги избираат, по правило, од Листата на арбитри на Постојаниот избран суд - Арбитража, што ја утврдува Управниот одбор на Стопанската комора на Македонија.

Меѓутоа, со цел да се обезбеди целосна отвореност и самостојност во изборот на арбитрите, посебно во споровите со странски елемент (меѓународните трговски спорови) или во оние во кои се вклучени странски вложувачи на капитал, со Правилникот е утврдено

дека секоја странка има право да избере свој арбитер и надвор од листата. Во таков случај, потребна е и согласност на предложениот арбитер, која се приложува кон тужбата, приговорот или одговорот на тужбата.

При изборот на арбитрате странките се должни да изберат и нивни заменици, со кои, во случај на спреченост на избраниот арбитер, постапката може да продолжи.

Ако во еден спор на страната на тужителот или туженият се појават повеќе лица, тие се должни да се договорат и да предложат заеднички арбитер, а ако странките не се спогодат и не предложат заеднички арбитер, тогаш претседателот на Арбитражата ќе го определи арбитерот, по правило од Листата на арбитри на Постојаниот избран суд -Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража содржи и посебни одредби за изземање на арбитер кога постојат околности кои би можеле да доведат до оправдано сомневање во неговата непристрасност или независност. Барањето за изземање мора да се поднесе во писмена форма и треба да ги содржи причините поради кои се бара изземањето на арбитерот.

Во случај кога во текот на постапката се измени составот на арбитражниот совет, расправата, по правило, се повторува, но ако странките се согласат, таа може да продолжи. Меѓутоа, ако е изземен арбитер поединец и е избран нов арбитер поединец, расправата мора да се повтори.

Во врска со одлуката на странките дали за решавање на нивниот спор ќе одлучува арбитражен совет или арбитер поединец, иако не постои точен или погрешен одговор, мислењата се дека притоа треба да се тргнува од карактерот на спорот, односно од комплексноста на прашањата кои треба да бидат разгледани, односно за кои треба да биде одлучено во арбитражната постапка.

Тргнувајќи од факторите трошоци на постапката и ефикасноста во одлучувањето, секако е полесно постапката да ја води еден арбитер, кој нема потреба да се консултира со други двајца арбитри членови на арбитражниот совет, кои можат да се сложат или да не се сложат со неговото мислење, но секако е потешко арбитер поединец да донесе одлука, посебно во комплексните спорови, за разлика од арбитражниот совет, во кој тројцата

арбитри полесно можат да ги разрешат комплицираните прашања пред донесувањето на арбитражната одлука.

Во врска со арбитрите, треба да се истакне и дека независноста и непристрасноста на арбитражните судии е еден од условите кои мора да бидат исполнети, со цел текот на арбитражната постапка или нејзиното завршување да бидат валидни. Независноста и непристрасноста на судиите во арбитражната постапка, од една страна, е специфична бидејќи арбитрите се именуваат од страна на странките, од друга страна, пак, одлуката што ја донесуваат арбитерот поединец или арбитражниот совет во таа постапка има иста правна сила како и одлуката која е донесена пред државниот суд.

Независноста и непристрасноста на арбитрите не може јасно да се дефинира, но се наведуваат одделни случаи кога нивното постоење се доведува во прашање. Така, на пример, според некои автори и практичари, независноста и непристрасноста на арбитражните судии може да ја загрози нивната припадност во некоја политичка партија или религија која е различна од таа на странката или странките во спорот, што би требало да биде причина за нивно изземање.

Според Правилникот, лицето кое би можело да биде избрано за арбитер е должно на сите оние кои ќе му се обратат во врска со можното негово именување да им ја каже секоја околност што би можела да доведе до оправдано сомневање во неговата непристрасност или независност. Истиот е должен да им ги соопшти на странките околностите кои можат да доведат до негово изземање и после именувањето за арбитер или во текот на арбитражната постапка, ако не го сторил тоа претходно.

2.9. Арбитражата може да ја спроведе постапката на начин што го смета за најсоодветен, под услов со странките да се постапува рамноправно и во сите стадиуми на постапката на секоја странка да ѝ биде дадена можност да ги изнесе своите факти и правни наводи, барања и гледишта, како и да се изјасни за оние на спротивната странка.

Постапката која се води според одредбите на Правилникот за мирење и арбитража, доколку странките не се договориле поинаку, се карактеризира со својата едноставност и

неформалност, во што битно се разликува од строго утврдената постапка пред редовните судови. Во таа смисла и просторијата, односно местото во кое се води арбитражната постапка нема никакви обележја на судница, што придонесува странките и другите учесници во арбитражната постапка да се чувствуваат растоварено од били какви формалности, односно да имаат впечаток дека, иако станува збор за решавање на спор, тоа се врши преку можеби и пријателска расправа меѓу деловни партнери, а не противници.

Едноставноста и неформалноста, односно брзината во одлучувањето на Арбитражата често се истакнуваат и како нејзини недостатоци, во смисла дека неспроведувањето на темелна формална постапка може да биде спротивно на интересите на самите странки, како и дека истата може да биде искористена за наметнување на неправедни одлуки на економски послабата или понестручна, односно невнимателна странка во спорот, навод што не е поткрепен со соодветни докази, а секако дека тоа може да се случи во било која постапка.

2.10. Арбитражната постапка се покренува со тужба. Тужбата мора да ги содржи следните елементи: име и адреса на странките; тужбеното барање; факти врз кои се заснова тужбеното барање; докази кои се предлагаат за утврдување на фактичката состојба; арбитражната спогодба, ако е склучена; име на арбитерот кого го предлага тужителот; ознака на вредноста на предметот на спорот.

Во врска со одредбите од Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража, кои соодветствуваат со одредбите на Законот за парнична постапка со кои се уредува постапката пред избраните судови, според кои арбитражната постапка се покренува со тужба и посебно со утврдувањето кои елементи мора да ги содржи тужбата, треба да се укаже дека е неодминлив впечатокот дека при конципирањето на истите изготвувачот не можел да се ослободи од мислењето дека и во овој случај станува збор за судска постапка со законски утврдени строги правила и критериуми. Во таа смисла, секако би било поприкладно, наместо тужба, да се користи некој друг термин, како, на пример, предлог или барање за поведување на арбитражна постапка, истовремено со што е можно помали формалности околу неговата содржина, освен она што е неопходно за целисходно водење на арбитражната постапка. Таквиот пристап, меѓу другото, секако ќе придонесе странките да не замислуваат дека и кај арбитражата се инволвираат во судско решавање на настанатиот спор, туку во алтернативно решавање по пат на арбитража.

2.11. Со оглед дека меѓународната трговска арбитажа е мошне сложен правен институт, кој се состои од повеќе меѓусебно поврзани постапки, сите фази на постапката пред Арбитражата прават една целина, иако имаат извесна самостојност.

Арбитражата, односно арбитерот поединец или арбитражниот совет, одлучува дали ќе одржи рочиште или ќе одлучува само врз основа на исправите, доказите и другите материјали што се доставени со тужбата на тужителот или со одговорот на туженият по тужбата.

Меѓутоа, Арбитражата може и во текот на постапката да бара и други поднесоци, да сослушува сведоци, да ангажира вештаци за одредени прашања и слично. Исто така, Арбитражата во текот на заседанието и гласањето може да одлучи заклучената расправа повторно да се отвори, доколку тоа е потребно заради дополнување на постапката или заради разјаснување на некои важни прашања.

2.12. Арбитерот поединец, односно Арбитражниот совет, на барање на некоја од странките, може да донесе привремена мерка која ја смета за потребна со оглед на предметот на спорот, вклучувајќи ги мерките за зачувување на стоката што е предмет на спорот (како, на пример, да се депонира кај трето лице или, ако е лесно расиплива, да се продаде и сл.).

Поимот привремена мерка во арбитражната постапка е поширок поим од поимот привремена мерка во национална граѓанска судска постапка, затоа што привремените мерки во арбитражната постапка не овозможуваат само обезбедување на побарувањата, туку и ефикасно водење на арбитражната постапка, обезбедување на докази за целите на арбитражната постапка и слично.

Во зависност од причините поради кои некоја од странките во арбитражната постапка бара провизорна правна заштита, привремените мерки кои ги изрекува арбитражниот суд пред или во текот на арбитражната постапка генерално се делат на: конзервациско превентивни, процесно олеснувачки, евиденциски и егзекуциско-обезбедувачки мерки.

Во врска со привремените мерки, треба да се укаже на становиштето дека истите во арбитражната постапка во современата процесна теорија и практика добиваат сè повеќе на значење поради етаблирањето на арбитражната постапка во достојна алтернатива на граѓанската парнична постапка и можноста покрај државниот суд привремени мерки да изрекува и арбитражен суд.

Наведената можност е поново решение на УНЦИТРАЛ Модел-законот, кое создава практички предности: помага да се одржи постоечката состојба до мериторното арбитражно решавање на спорот, го олеснува извршувањето на потенцијалните кондемнаторни арбитражни одлуки, или пак, овозможува побрзо водење на арбитражната постапка.

Токму поради ова, на компаративно ниво во позитивните национални арбитражни закони тренд е да се регулира овластувањето на арбитражниот суд да изрекува различни привремени мерки пред или во текот на арбитражната постапка.

Оваа тенденција не треба да се заобиколи ниту во македонското арбитражно законодавство, кое треба да го регулира прашањето за изрекување на привремените мерки во арбитражната постапка согласно досегашните искуства во меѓународната примена на такви мерки.

Позитивната законска и подзаконска рамка во однос на овластувањата, можноста и постапката за изрекување на привремените мерки во арбитражата ја сочинуваат Законот за парничната постапка - делот кој се однесува на постапката пред избраните судови, Законот за меѓународна трговска арбитража и Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија. [33]

2.13. Арбитражниот совет донесува пресуди и други одлуки со мнозинство гласови. Истите мора да бидат изготвени во писмена форма и образложени, освен ако странките се договорат дека тоа не е потребно. Пресудите се конечни и ги обврзуваат станките да ги извршат без одлагање.

[33] Емилија Ѓорѓиоска, Зорица Стоилева, Дијана Ѓорѓиева (2018). Привремени мерки во арбитражната постапка, KNOWLEDGE - Inretnational journal Vol. 8.6, December 2018

И во однос на одредбите од Правилникот на Постојаниот избран суд – Арбитража, според кои арбитражниот совет донесува пресуди и посебно со утврдувањето што истите треба да содржат, треба да се укаже дека е неодминлив впечатокот оти при конципирањето на истите изготвувачот не можел да се ослободи од мислењето дека и во овој случај станува збор за судска постапка со законски утврдени строги правила и критериуми. Во таа смисла, секако би било поприкладно, наместо пресуда, да се користи друг термин, како, на пример, одлука, истовремено со што е можно помали формалности околу нејзината содржина, освен она што е неопходно за нејзино извршување во земјава или признавање и извршување доколку истата треба да се изврши во странство.

Во врска со конечноста и извршноста на пресудите на арбитражата, што подразбира неможност да се поднесе правен лек (жалба), односно да постои повеќестепена контрола на истата, што претставува една од најголемите разлики помеѓу арбитражната и редовната судска постапка, се поставува прашањето дали таа околност е нужно ограничување за постапката во која не постои можност за вложување на правен лек. На почетокот може да се постави прашањето од какво влијание е правото на странките за вложување на правен лек во однос на судијата, односно арбитражата во првостепената постапка.

Се верува дека не би било примерено да се заклучи дека арбитерот, односно арбитрите во таквата постапка ќе бидат помалку совесни, бидејќи ќе се ослонат на фактот дека повисокиот суд и така ќе донесе конечна одлука, со што и можната погрешна одлука ќе биде одлука на друг суд или судија. Исто така, се смета дека е правилен заклучокот со кој треба да се претпостави дека арбитерот, односно арбитрите совесно ја водат постапката, па, токму поради неможноста за корекција на нивната одлука, повеќе ќе внимаваат на квалитетот на својата одлука, бидејќи не е можно истата да се коригира по поднесен правен лек. Во тој контекст е логично да се заклучи дека арбитерот, односно арбитрите во постапката во која не постои можност за поднесување на правен лек (жалба), односно можност за корекција на донесената одлука, ќе ја водат постапката поквалитетно од судијата во постапката во која е утврдена можност за поднесување правен лек (жалба) против првостепената пресуда.

Во врска со одлуките, односно пресудите на Постојаниот избран суд - Арбитража, земајќи ги предвид одредбите на Њујоршката конвенција за признавање и извршување на странските арбитражни одлуки, важно е да се напомене дека Арбитражата треба да настојува донесените одлуки да бидат извршливи, односно да не бидат со недостатоци како: странка во договорот за арбитража според правото применливо на неа била без капацитет или арбитражниот договор не бил важечки според правото според кое е склучен; на странка не ѝ е дадено соодветно известување за именувањето на арбитер или арбитражната постапка или била оневозможена да го презентира својот случај; арбитражната одлука се однесува на прашање кое не е разгледувано во арбитражната постапка; составот на арбитражниот совет не бил во согласност со договорот на странките или недостасува арбитражен договор; предметот на арбитражната постапка не е подобен за решавање преку арбитража или извршувањето на одлуката би било во спротивност со јавниот поредок.

Доколку се констатирани некои од наведените недостатоци, Арбитражниот совет треба да ја коригира својата одлука, или на своја иницијатива или на барање на некоја од странките, веројатно на странката која го добила спорот, ако треба да бара нејзино извршување по судски пат.

2.14. Треба посебно да се напомене дека со Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија е предвидена можноста, покрај конечна пресуда, арбитражниот совет да може да донесува и делумна пресуда, доколку еден дел од тужбеното барање е доспеано.

2.15. Ако странките во текот на арбитражната постапка спорот го решат спогодбено, арбитражниот совет донесува одлука арбитражната постапка да заврши, односно донесува пресуда врз основа на спогодбата.

2.16. Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија содржи и еден посебен институт што може многу да се користи за решавање на споровите, а тоа е постапката за посредување за спогодбено решавање на споровите.

Постапка за посредување за спогодбено решавање на спорови може да се покрене на барање на една од странките, во рамките на надлежностите на Арбитражата. За

покренување на оваа постапка не е потребно постоење на писмена спогодба за надлежност на Арбитражата, туку само согласност и на другата странка дека го прифаќа посредувањето.

Институтот посредување се разликува од арбитражата, бидејќи посредникот кој учествува во постапката, за разлика од арбитражниот совет, односно арбитерот поединец, нема овластување да донесува одлуки кои би ги обврзувале странките, туку единствено настојува да помогне странките сами да се спогодат.

Иако често се поставува прашањето зошто е потребно посредувањето во случај кога странките не успеале претходно самите да се спогодат, оваа постапка треба да се користи и може да донесе позитивни резултати во решавањето на настанатиот спор меѓу странките бидејќи учеството на посредникот може да внесе нови перспективи во односите меѓу странките и да придонесе за спогодбено решавање на спорот.

Доколку странките се согласат за спроведување постапка за спогодување, претседателот на Арбитражата одредува посредник (арбитер или друго лице). Посредникот ги испитува наводите и предлозите на странките, а потоа изготвува писмен предлог на спогодба и ако странките ја прифатат нејзината содржина, се внесува во записник. Записникот за извршеното спогодување има сила на правосилна судска одлука. Меѓутоа, ако странките не се спогодат, изјавите дадени од странките во текот на постапката за спогодување немаат значење во евентуалната подоцнежна арбитражна постапка.

Постапка за посредување од страна на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија во изминатиот период е спроведена само во неколку случаи, но искуствата на користење на овој институт во многу држави покажува вонредни резултати. Така, на пример, во Соединетите Американски Држави, каде 75% од сите трговски спорови што се водат пред соодветните арбитражи се решени со посредување или преку арбитража, додека повеќе од 85% од случаите доставени за посредување на крајот завршуваат со спогодби.

3. Соработката со арбитражи од други земји

Во изминатиот период Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија воспостави контакти и соработка со меѓународни арбитражи организирани

при трговски комори, како и со други арбитражни институции во земји со кои македонското стопанство остварува значителна економска соработка.

Соработката се одвива преку размена на тековни информации за развојот на законодавството и практиката на арбитражното право или преку непосредни контакти со претставници на тие арбитражни судови заради разгледување прашања од заеднички интерес. Исто така, Арбитражата организира конференции, симпозиуми и други настани во врска со арбитражното решавање на спорови, а нејзини претставници учествуваат на такви настани организирани од страна на други арбитражи во светот.

Постојаниот избран суд - Арбитража има склучено спогодби за соработка со арбитражите при трговските комори на Словенија, Хрватска, Бугарија, Украина, Руската Федерација, Србија, Црна Гора и Казахстан и други земји.

Карактеристично за овие спогодби е што во нив, покрај одредбите за начинот на остварувањето и унапредувањето на соработката, е утврдено дека арбитражите ќе ги упатуваат членките на коморите од своите земји во своите договори да вградуваат арбитражни клаузули, според кои сите спорови што ќе произлезат од нивните деловни односи да се решаваат од страна на арбитражата во земјата во која е седиштето на тужената странка.

4. Краток приказ на одделни предмети решени во постапки пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија

Во изминатиот период Арбитражата решавала за меѓусебни спорови од деловните односи меѓу домашни правни лица, како и меѓу домашни и странски лица. Секако е корисно краток приказ на дел од нив да биде поместен овде:

4.1. Македонска трговска фирма поднела тужба против македонска фирма од областа на производството, на која, согласно претходно склучен договор, во кој е утврдена надлежноста на Постојаниот избран суд - Арбитража за решавање на евентуалните спорови, во одреден период ѝ испорачувала стоки, кои втората ги користела во производството. Тужбата, со соодветни докази, е поднесена со барање Арбитражата, по спроведената

постапка, да донесе пресуда со која ќе го задолжи тужениот да го исплати неисплатениот износ од доставените фактури според вредноста на испорачаните стоки.

Во одговорот на тужбата тужениот наведува дека по основ на наведениот долг, предмет на тужбата, помеѓу странките е постигната меѓусебна спогодба за исплата на истиот, чија реализација е во тек и во најкраток временски период ќе биде исплатен целиот износ, на начин како што странките се договориле, дека ќе се спроведе меѓусебна компензација, со што целиот износ по основниот долг - предмет на тужбеното барање ќе биде исплатен, поради што смета дека помеѓу странките нема повеќе ништо спорно и дека тужбата е во целост неоснована.

Тужителот во свој поднесок не го оспорил постигнувањето спогодба за начинот на исплата на долгот, но наведува дека до нејзина реализација не дошло по вина на тужениот, а тужениот во свој поднесок наведува дека задоцнувањето на исплатата на долгот не се должи на намера на тужениот, туку на финансиската состојба, со кој тужителот е запознат и прифатил долгот да се исплати со компензација, што е и сторено, како што се гледа и од изјаснувањето на тужителот во неговиот поднесок. Во меѓувреме и двете странки имаат поднесено поднесоци со дополнителни докази и предлози, после што пред арбитражниот совет е одржана расправа и по спроведената постапка согласно Правилникот донел пресуда, со која тужбеното барање на тужителот делумно се уважува и се задолжува тужениот да му го плати на тужителот износот на име главен долг, потоа на име пресметана законска затезна камата, како и износ на име трошоци на постапката, а за дел тужбеното барање на тужителот се одбива како неосновано.

4.2. Хрватска фирма поднела тужба против македонска фирма, во која наведува дека меѓу нив бил склучен договор за лиценца, според кој тужителот му отстапил на тужениот на користење одредени права на индустриска сопственост. Со анекс на договорот е предвидено дека во случај на спор во врска со исполнувањето на договорот е надлежна арбитражата во земјата во која седиште има тужената страна.

Тужителот во тужбата и на рочиштето наведува дека тужениот врз основа на договорот имал обврска на тужителот да му исплатува соодветен надомест, кој во договорениот рок го нема платено, поради што тужбеното барање се однесува на исплатата на главниот долг и камата согласно законот.

По одржаните две рочишта, од кои на едното не присуствувал претставник на тужениот, а за другото барал одлагање, но наведените причини арбитражниот совет не ги прифатил и заклучил расправата да се оддржи во негово отсуство и по спроведената постапка согласно Правилникот донел пресуда со која тужбеното барање на тужителот се уважува во целост и се задолжува тужениот да му го плати на тужениот износот на име главен долг, со законска затезна камата и трошоци во постапката, сè во рок од 15 дена по приемот на пресудата, под закана од присилно судско извршување.

4.3. Македонска фирма поднела тужба против фирма од Република Србија, со која склучила договор, со арбитражна клаузула за утврдување на надлежноста на Арбитражата за решавање на евентуалните спорови, според кој договор ѝ испорачувала производи од црната металургија, со испорака по диспозиција на купувачот, сега тужениот. Тужителот наведува дека во целост ги има исполнето обврските од договорот, додека тужениот има исплатено само дел од обврската за исплата спрема него, поради што ја поднел тужбата, со предлог да се донесе пресуда со која се усвојува неговото тужбено барање.

Тужениот, наместо одговор на тужбата и известување за именување на арбитер и негов заменик, до Постојаниот избран суд - Арбитража доставил само барање да ја сторнира тужбата на тужителот, со образложение за причините за неплаќањето на долгот. Бидејќи тоа не е во согласност со одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд -Арбитража, за што е известен и тужениот, именувањето на арбитер и негов заменик е извршено од страна на претседателот на Арбитражата.

После конституирањето на арбитражниот совет, одржано е рочиште за расправа, во отсуство на тужениот, кој не го оправдал своето отсуство, иако бил уредно поканет и по спроведената постапка согласно Правилникот, на која е извршено изведување на доказите предложени во тужбата на тужителот и на дополнителен доказ поднесен на самото рочиште, после што арбитражниот совет заклучил дека предметот на спорот е расправен и врз основа на утврдената фактичка состојба, донел пресуда со која тужбеното барање на тужителот се уважува и се задолжува тужениот да му ја плати на тужителот утврдената сума на име главен долг со 1% месечна камата, како и трошоците во постапката.

4.4. Фирма од Кипар, преку полномошник, адвокат од Скопје, поднела тужба до Постојаниот избран суд - Арбитража, чија надлежност е утврдена со договор, против македонска фирма, со барање судот да го задолжи туженият да му исплати определен износ на име главен долг, зголемен за камати и трошоци. Како основ за тужбеното барање тужителот се повикува на договорот за испорака на трговска стока, склучен меѓу него и туженият, а кон тужбата приложува и документи со кои се докажува основаноста на тужбеното барање.

Примерок од тужбата, со сите приложени докази е доставен до туженият, со упатство за правото во рок од 15 денови по приемот на истата да даде одговор на тужбата, како и да достави писмено известување дека избрал арбитер и негов заменик. Туженият, со допис упатен до претседателот на Постојаниот избран суд - Арбитража, укажал дека, според него, има процесни недоследности, без чие отклонување постапката по тужбата, односно спорот, не би можела да се води, наведувајќи дека дописот и прилозите се на македонски јазик, а согласно договорот меѓу странките, арбитражната постапка се води на англиски јазик, поради што смета дека ниту дописот од Арбитражата, ниту неговите прилози, не може да се сметаат за соодветни, а ја известува Арбитражата дека нивните правни застапници постапуваат на англиски јазик, со што е оневозможено нивното учество и застапување по овој предмет и друго.

Постојаниот избран суд - Арбитража го известил туженият дека доставата на документите е извршена согласно Правилникот и дека во назначениот рок треба да достави одговор на тужбата, а во однос на другите прашања на кои туженият укажува, Судот ќе одлучи во пропишаната постапка.

Заради расправање по прашањата од дописот на туженият арбитражниот совет одржал подготвително рочиште, на кое заклучил дека укажувањата на туженият се неосновани, односно дека во дотогашниот тек на постапката е постапувано во согласност со Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража и решил да закаже расправа по предметот, со задолжување за тужителот да достави тужба и на англиски јазик.

На закажаното рочиште, на кое бил обезбеден преведувач на англиски јазик, присуствувал само полномошникот на тужителот, додека од страна на туженият, уредно поканет, не присуствувал никој, а неговиот застапник, адвокат од странство, по телефакс побарал одлагање на расправата заради оставање простор за проучување на предметот и

подготвување соодветен одговор, како и целокупната кореспонденција да биде на англиски јазик.

По добивањето на известување од Министерството за правда во врска со можноста за застапување на тужениот од страна на односниот адвокат, закажано е ново рочиште, повторно со обезбеден службен преведувач на англиски јазик, на кое не присуствувал претставник на тужениот, кој доставил поднесок со укажување на прашања за кои смета дека се во спротивност со одредбите на Правилникот. Тоа рочиште, поради неприсуството на претстаник на тужениот е одложено и е закажано ново.

На новото рочиште повторно не присуствувал претставник на тужениот, кој доставил поднесок во кој укажува на истите процедурални прашања. Ценејќи дека дотогашниот тек на постапката во врска со предметот е спроведен во согласност со законот и одредбите на Правилникот и им е дадена можност на странките да се изјаснат по сите прашања во врска со предметот на спорот и дека укажувањата - барањето на тужениот се неосновани, арбитражниот совет одлучил расправата да се одржи во присуство на полномошникот на тужителот.

Во врска со укажувањата и барањата на тужениот, со оглед дека истиот воопшто не го оспорил тужбеното барање, арбитражниот совет застанал на мислење дека истите, пред сè, биле насочени кон одолговлекување на арбитражната постапка, што, согласно карактерот на арбитражното решавање на овој вид спорови, не треба да се допушти, односно обврска на арбитражниот суд е спорот да го реши во најкраток можен рок, секако со правилна примена на правото и правилно и целосно утврдена фактичка состојба, што во предметната постапка е сторено.

Арбитражниот совет, по одржаната расправа, на рочиштето за советување и гласање донел пресуда со која тужбеното барање на тужителот се уважува во целост и се задолжува тужениот да му го исплати на тужителот утврдениот износ на име главен долг, со камата, како и да му ги надомести трошоците во постапката.

4.5. Фирма од Бугарија поднела тужба против фирма и против лице државјанин на Македонија, со барање да му платат определен износ на име главен долг, со соодветна законска камата и да му ги надоместат трошоците во постапката.

Во тужбата, поднесоците и наводите на расправата, тужителот изнел дека со првотуженият склучил договор за претоварање одредена количина производи набавени во Романија, сопственост на првотуженият. Тужителот наведува дека првотуженият е примател на услугата, што е видно од договорот, увозните декларации и товарни листови, а пак второтуженият бил активно вклучен во сите правни односи со тужителот, кое произлегувало од неспорниот факт дека е сопственик на туженият како фирма, лично го потпишал договорот и целокупната кореспонденција меѓу тужителот и првотуженият, што е видно од договорот и целокупната документација.

Тужените, лично и преку своите полномошници, во одговорот на тужбата и на расправата навеле дека второтуженият не може да се смета за пасивно легитимиран во конкретниот спор, затоа што истиот е директор на првотуженият и сите дејствија што ги има преземено се дејствија на овластен претставник на правното лице. Укажувајќи на неисполнување определени договорни обврски и од страна на тужителот, тужените предложиле тужбеното барање да биде одбиено како неосновано, а од своја страна најавиле тужба поради претрпена штета и изгубена добивка.

По спроведената постапка во согласност со одредбите на Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Макединија, арбитражниот суд донел пресуда со кој тужбеното барање во однос на првотуженият делумно се уважува и се задолжува туженият да му го плати на тужителот утврдениот износ на име главен долг, со домицилна камата на странската валута од договорот, како и решение со кое тужбата против второтуженият се отфрла како недопуштена, затоа што не постои арбитражна клаузула помеѓу тужителот и него, поради што Арбитражата не може да биде надлежна да решава спор меѓу тужителот и второтуженият.

4.6.Македонска трговска фирма поднела тужба против македонска фирма од областа на производството, во која наведува дека тужителот и туженият, врз основа на договор за купопродажба, имале деловна соработка, во рамките на која тужителот му испорачувал на туженият производ наменет за натамошна преработка, за што овој требало да му ја плати договорената цена, во договорените рокови. Со оглед дека туженият, од за тужителот непознати причини, одбивал да ја плати должената сума, тужителот ја поднел тужбата, со барање Судот, по изведувањето на предложените докази и по утврдувањето на фактичката

состојба, да донесе пресуда со која се усвојува неговото тужбено барање и се задолжува туженият да му го плати утврдениот износ на име главен долг, со законска камата, како и да му ги надомести трошоците во постапката.

Туженият не дал одговор на тужбата и не го известил Судот за извршен избор на арбитер и негов заменик, поради што истите, согласно Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража, ги определил претседателот на Арбитражата.

На рочиштето за расправа, законскиот застапник на туженият изјавил дека не го оспорува тужбеното барање на тужителот и приложените докази, односно признава дека тужителот од него го побарува износот наведен во тужбата и дека до задоцнување со исплатата е дојдено поради објективни околности, односно негова неможност да наплати побарувања во износ кој е многу поголем од оној што од него го побарува тужителот, поради што предложил меѓу него и тужителот да се склучи спогодба за уредување на исплатата. Претставникот на тужителот изјавил дека нема овластување на тоа рочиште да склучи спогодба, но дека, до колку судот донесе одлука со која ќе се прифати тужбеното барање, нема да поднесе барање за извршување заради наплата на побарувањето, доколку туженият побара, односно понуди разумен рок за исплата на побарувањето.

Со оглед дека тужбеното барање и приложените докази кон тужбата не биле оспорени, арбитражниот суд заклучил дека предметот на спорот е расправен, односно дека утврдената фактичка состојба потврдува дека туженият му го должи на тужителот износот наведен во тужбата и донел пресуда со која тужбеното барање се уважува и се задолжува туженият да му го плати на тужителот утврдениот износ на име главен долг, со законска камата, како и да му ги надомести трошоците во постапката.

4.7. Фирма од Кипар поднела тужба против македонска фирма, во која наведува дека таа како продавач, врз основа на склучени договори, му испорачувала на туженият производи, за кои овој се обврзал да ја плати договорената купопродажна цена. Во прилог кон тужбата ги поднела договорите и целокупната документација во врска со договорената соработка. Со оглед дека туженият не ја исполнил договорната обврска, тужителот предложил судот да донесе пресуда со која неговото тужбено барање се усвојува и се задолжува туженият да му го плати на тужителот утврдениот износ на име главен долг, со камата, како и да му ги надомести трошоците во постапката.

После поднесувањето на тужбата, пред добивањето одговор на тужбата од страна на туженият, туженият поднел до судот барање за покренување постапка за спогодување заради спогодбено решавање на спорот, со кое се согласил и туженият, после што, со посредство на арбитер, определен согласно Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража, странките склучиле спогодба за меѓусебни побарувања. Во спогодбата е утврден износот на побарувањето на тужителот кон туженият и дека овој го признава, како и роковите во кои ќе изврши нивна исплата, како и дека доколку задоцни со плаќање на секоја месечна рата најдоцна три дена од предвидениот рок, спогодбата, заедно со арбитражната одлука на судот, станува извршен наслов и се наплатува наеднаш целиот износ од сметката на туженият или од сметките на другите правни субјекти формирани од него.

4.8. Фирма од Србија поднела тужба против македонска фирма, во која наведува дека со туженият склучиле договор за генерално застапништво, според кој тужителот е принципал, а туженият застапник, дека од денот на склучувањето на договорот биле завршени повеќе работи и тоа на задоволство на двете страни, меѓутоа туженият не му платил на тужителот (му останал должен) за увезените работи, Со оглед дека неколкукратните барања до туженият да му ги плати долженитe износи од доставените фактури бил приморан да поднесе тужба, со која бара, покрај долгуваниот главен долг, да му се плати и камата, како и да му се надоместат трошоците во постапката.

Туженият во одговор на тужбата навел дека во добиените документи и прилозите нема тужба и нема уредно поставено барање, поради што смета дека тужителот треба да биде задолжен да достави тужба и да го прецизира тужбеното барање, за да може да се впушти во спорот и да даде одговор. По овој поднесок судот го задолжил тужителот да ја преведе тужбата на македонски јазик и истата да ја направи уредна и да го прецизира тужбеното барање, по кој налог тужителот постапил. Туженият не се произнел по тужбата и тужбеното барање.

По одржаното рочиште за главна расправа, на кое присуствувал претставник на тужителот, а не присуствувал претставник на туженият, уредно поканет, од чие однесување арбитражниот совет заклучил дека ги злоупотребува правата кои му припаѓаат во постапката, по совесната и грижлива оценка на секој доказ посебно и на сите докази заедно,

како и врз основа на резултатите од целокупната постапка, арбитражниот совет утврдил фактичка состојба, според која следувало да донесе пресуда со која тужбеното барање на тужителот се уважува во целост и се задолжува туженият да му го плати на тужителот утврдениот износ на име главен долг, со домицилна камата, како и да му ги надомести трошоците во постапката.

4.9. Фирма од Кипар поднела тужба против фирма од Македонија во која наведува дека врз основа на договор и анекси на договорот му испорачувала на туженият репроматеријали, дека туженият истите ги примал во договорените рокови и со утврдениот квалитет, но, и покрај повеќе обраќања до него, туженият не го исплатил долгот, односно цената за испорачаните репроматеријали, поради што ја поднесува тужбата, со предлог Арбитражата, како надлежна според договорот, да донесе пресуда со која се усвојува тужбеното барање и се задолжува туженият да му го плати на тужителот утврдениот износ на главниот долг, со законска камата, како и да му ги надомести трошоците во постапката.

Со оглед дека туженият не дал одговор на тужбата и не доставил известување дека извршил избор на арбитер и негов заменик, именувањето на арбитер, согласно Правилникот на Постојаниот избран суд - Арбитража, го извршил претседателот на Арбитражата.

На рочиштето за расправа полномошникот на тужителот останал во сѐ кон тужбеното барање, а полномошникот на туженият, адвокат, изјавил дека како полномошник е овластен на денот на расправата, поради што побарал да му се остави време за подготвување и изјаснување по предметот, по што, и покрај противењето на полномошникот на тужителот, арбитражниот совет закажал нова расправа.

На новото рочиште присуствувале полномошникот и законскиот застапник на тужителот, додека од страна на туженият не присуствувал никој, но неговиот полномошник поднел барање за изземање на членот на арбитражниот совет именуван од страна на претседателот на Арбитражата. По одбивањето на ова барање од страна на претседателот на Арбитражата, арбитражниот совет закажал ново рочиште за расправа, на која од страна на туженият не присуствувал никој. Арбитражниот совет заклучил расправата да се одржи во отсуство на туженият, имајќи предвид дека покренувањето и текот на постапката во врска со предметот на спорот се спроведени во целост во согласност со одредбите на Правилникот и дека е дадена можност на странките да се изјаснат по сите факти и докази

во врска со предметот на спорот, а тужениот отсуствувал на втора по ред уредно закажана расправа.

По спроведената доказна постапка, арбитражниот совет заклучил дека предметот е расправен и по истиот, врз основа на совесна и грижлива оценка на секој доказ посебно и на сите докази заедно и утврдената фактичка состојба, донел пресуда со кој тужбеното барање на тужителот делумно се уважува и се задолжува тужениот да му го плати на тужителот утврдениот износ на име главен долг, со домицилна камата што важи во местото на исполнување, како и да му ги надомести трошоците во постапката.

4.10. Фирма од Шведска поднела тужба против трговско друштво од Македонија, во која бара тужениот да биде задолжен да му го плати на тужителот износот утврден во тужбеното барање, со договорна камата, како и да му ги надомести трошоците во спорот, наведувајќи дека со тужениот имале склучено договор за продажба на негови производи во вкупна вредност утврдена со договорот и со динамика на плаќање според договорот, што тужениот не го исполнил. Кон тужбата приложил и документација, како доказ за основаноста на тужбеното барање.

Тужениот во писмениот одговор на тужбата и преку полномошникот на расправата истакнал дека не е спорно оти меѓу него и тужителот е склучен предметниот договор, но дека при реализацијата на тој договор се премолчани значајни факти, поради што предложил Постојаниот избран суд - Арбитража да ги задолжи двете страни, како добри стопанствници, со меѓусебно деловно уважување и попуштање од двете страни, да ја разрешат состојбата во заемен интерес. По совесната и грижлива оценка на секој доказ посебно и на сите докази заедно, како и врз основа на исказите на застапниците на тужителот и на тужениот на рочиштето за главна расправа, арбитажниот совет утврдил фактичка состојба при која следувало да донесе пресуда со која тужбеното барање на тужителот се уважува и се задолжува тужениот да му го плати утврдениот износ на име главен долг, со договорната камата, како и да му ги надомести трошоците во постапката.[34]

[34] Предметите кои се обработени во краткиот приказ се добиени неколку години пред почетокот на изработката на Магистерскиот труд. Заради поцелосно прикажување на работата на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, сметајќи и дека проширувањето на бројот на соодветно прикажаните предмети е од интерес за промоција на Арбитражата, изготвувачот на магистерскиот труд се обрати до Постојаниот избран суд -

VIII. З А К Л У Ч О К

Трговската, посебно меѓународната трговска арбитража сè повеќе се прифаќа како начин на решавање на споровите од деловните односи. Таа во современите услови на трговско работење е универзална институција на недржавниот судски систем, во функција на потребите на развојот на размената на стоки и услуги.

Договарањето на арбитражна надлежност во решавањето на евентуалните спорови од меѓусебните деловни односи треба да прерасне во правило на однесување на сите деловни субјекти. Со тоа се стекнува довербата на партнерите во врска со намерите за исполнување на договорните обврски, од една страна, како и сигурност дека во случај на неисполнување од страна на партнерот е обезбедена најсоодветна, брза и ефикасна заштита, од друга страна.

Многу институции, специјализирани во решавањето на трговските спорови, особено на оние со меѓународен карактер, ја администрираат арбитражната постапка во врска со решавањето на споровите што произлегуваат во комерцијалното работење. Една од таквите институции, со посебно место и улога за стопанските субјекти - членки на Стопанската комора и за другите субјекти кои ќе се определат да бидат странки во арбитражните постапки што се водат пред него, е Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија.

Арбитража при Стопанската комора на Македонија со барање за добивање на неколку предмети кои биле актуелни во изминатите десетина години, а кои би ги разработил и опишал во трудот, со тоа што користењето на материјалите би било со целосна дискретност и анонимизирање на одлуките, без споменување на било какви податоци за учесниците во арбитражните постапки. Во одговор на барањето Арбитражата го известува барателот дека Постојаниот избран суд - Арбитража заради доследно почитување на начелата на доверливост и тајност на арбитражните постапки, како и водејќи сметка за деловната соработка и соработката меѓу странките во постапките поведени пред Арбитражата, не може да овозможи пристап до материјали или конкретни предмети заведени пред Арбитражата.

Поради неможноста да обезбеди дополнителни податоци, изготвувачот не беше во состојба да го прошири опфатот на обработените предмети. Не навлегувајќи во оценка на одговорот на барањето, сметам за потребно да наведам дека за потребите на изготвувањето на трудот извршив прелистување на многу голем број податоци во врска со арбитражата во многу комори и други институции во земјата и во светот, при што најдов многу корисни информации, мислења и примери од арбитражното работење, вклучително и многу обработени предмети од арбитражни постапки, нормално со почитување на правилата во врска со доверливоста и тајноста што се почитуваат во арбитражното работење.

Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија во изминатиот период на своето постоење и работење, во рамките на законското и нормативно уредување, како и кадровската екипираност, во целост се потврди и наметна како институција со капацитет за решавање на сите видови трговски и други спорови од деловното работење, како меѓу домашни субјекти, така и меѓу овие и странски лица или само меѓу странски лица.

Сепак, и покрај многубројните предности на арбитражата, бројот на предмети заведени пред Постојаниот избран суд - Арбитража, иако бележи тренд на пораст во последните години, сè уште е скромен, поради што и понатаму е потребно да се дејствува во насока на поголема промоција на арбитражата како алатка за алтернативно решавање на споровите и препознатливост на Постојаниот избран суд - Арбитража од страна на бизнис заедницата, адвокатската фела и поширокатa јавност, како реномиран арбитражен центар во регионални и меѓународни рамки. Интензивирањето на примената на арбитражата во трговските спорови е процес што треба да се одвива во две насоки, за што е потребно Постојаниот избран суд – Арбитража со своите активности да продолжи да го побудува интересот за решавање на споровите по пат на арбитража, а компаниите, како клучни чинители во процесот, преку договарањето на надлежноста на Арбитражата во нивните деловни односи, да придонесат во градењето и развивањето на арбитражната практика во земјата.[35]

Тргнувајќи од фактот дека со донесувањето на Законот за надворешно-трговската арбитража на Република Македонија се обезбедени посоодветни законски предуслови Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија да ги реализира и сите атрибути на меѓународна трговска арбитража, а искуствата од досегашното функционирање на оваа арбитража и другите арбитражи во светот сè повеќе го афирмираат арбитражното решавање на комерцијалните спорови, потребно е преку соодветно нормативно и организационо-техничко прилагодување на арбитражните правила и понагласено и посоодветно промовирање да се обезбеди тој статус во поголема мерка да

[35] Татјана Зороска-Камиловска, потпретседател на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, http://www.mchamber.mk

дојде до израз при решавањето како на домашните, така и на меѓународните трговски спорови.

Во таа насока, имајќи предвид дека трошоците на арбитражните постапки, посебно меѓународните, често ги надминуваат трошоците за покренување и водење на постапки пред судовите, поради што многу мали и средни фирми кои имаат добра основа за тужба против некој деловен партнер, иако претходно склучиле арбитражна спогодба, не покренуваат арбитражна постапка, посебно поради високите износи за остварување на своите права, секако треба да се размислува и за соодветна поддршка на овие субјекти од страна на државата.

Притоа, земајќи го предвид особено фактот дека трговската арбитража, како алтернатива на судското спорење се води првенствено според правилата претходно утврдени меѓу договорните страни, треба интензивно да се работи на развивање на сознанието кај деловните субјекти и кај јавноста дека покренувањето постапка пред Постојаниот избран суд при Стопанската комора на Македонија не значи дека се покренува судска постапка, односно постапка пред државна институција или орган, туку се иницира постапка за алтернативно решавање на настанатиот спор по пат на арбитража, за која договорните страни, кои сега се соочени со настанат спор меѓу нив, склучиле арбитражна спогодба, постапка во која Постојаниот избран суд - Арбитража, како арбитражен центар, односно арбитражна институција не е суд, односно арбитража која самата води арбитражни постапки и донесува арбитражни одлуки, туку само врши административни и стручни работи, како сервис за потребите на арбитерот или арбитражниот совет на арбитражата која договорните страни, односно странките во спорот ја формирале кај него и во која арбитерот поединец или арбитражниот совет што ги избрале самите странки - учесници во спорот, се надлежни за водењето на постапката и за донесувањето на арбитражната одлука.

К О Р И С Т Е Н А Л И Т Е Р А Т У Р А

1. Арбитражните правила на Меѓународната трговска комора во Париз

2. ВИКИПЕДИЈА - слободна енциклопедија, http://mk.wikipedia.org

3. Горан Коевски, Дарко Спасевски, Трендови во поглед на специјализацијата на судството од областа на трговските спорови (https://www.akademik.mk/trendovi-vo-pogled)

4. Дескоски Тони, професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје, Авторизирани предавања;

5. Десковски Тони (2013). Форма на спогодбата за меѓународна трговска арбитража во правниот систем на Република Македонија, Европско право број 1-3/2013

6. Дескоски Тони (2016). Меѓународно арбитражно право, Скопје

7. Ѓорѓиоска Емилија, Зорица Стоилева, Дијана Ѓорѓиева (2018). Привремени мерки во арбитражната постапка, Interim measures in arbitration, KNOWLEDGE-International journal Vol.8.6.

8. Европска комисија, Брисел, 29.5.2019, СВД (2019). 218 Конечна верзија, Извештај за С. Македонија за 2019

9. ЗороскаКамиловскаТатјана, Решавање на спорови пред Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија

10. Закон за Стопанската комора на Македонија

11. Закон за меѓународната трговска арбитража

12. Закон за парничната постапка, Глава триесетта, Постапка пред избраните судови (чл.439-459), База на закони www.pravdiko.mk

13. Иван Атанасовски (2014). Арбитража - Поим и меѓународно регулирање

14. 24 Инфо (2019) Место арбитража сè уште се претпочита судски начин за решавање на стопанските спорови, htpps://24info.mk

15. Милосављевиќ Бојан, Правни факултет Београд - Меѓународно јавно право

16. Николовски Александар (1997). Поставеноста на Постојаниот избран суд (Арбитража) при Стопанската комора на Македонија, како можност за решавање на трговските спорови (Средба на правниците од стопанството, реферат)

17. Николовски Александар, Поставеноста на Постојаниот избран суд - Арбитража при Стопанската комора на Македонија, реферат

18. Николовски Александар, Снежана Плавшиќ (1998). Право на меѓународната трговија, Скопје

19. Статут на Стопанската комора на Македонија

20. Пејак Миладин, Арбитражни поступак по Модел-закону УНЦИТРАЛ, Нови Сад
21. Спасовска Милена, Петровска Милена (2015). Научно-истражувачка работа по предметот Арбитражно право (мастер Деловно право), Поведување на арбитражна постапка пред Постојан избран суд - Арбитража при Стопанска комора на Република Македонија
22. Трајановска Јулијана (2016). Арбитража и арбитражно решавање на споровите
23. American Arbitration Association, What Happens After the Arbitrator Issues an Award,
24. Alan Uzelac i saradnici (2010). Pravni fakultet Sveucilista u Zagrebu, Aktualni trendovi mirnog rjesavanja sporova u Hrvatskoj:dosezi i ogranicenja
25.American Bar Association, Dispute Resolution Process, Arbitration, https://americanbar.org/groups/dispute_resolution/resources.;
26. Arbitration Chamber of Paris, Rules of the Arbitration Chamber of Paris, http:www.intracen.org/Arbitration-Chamber-of –Paris
27. Anthony Poon, Philipp Hanusch and Andrew Chin (2016). Failure to Specif Arbitral Seat
28. Arbitration awards and their enforcement/ In Principle, http://www.codozasady.pl/en/arbitration-awards-and-their-enforce.
29. Arbitration award-Wikipedia, https//en.wikipedia.org.wiki/Arbitration_award
30. Arbitration: Advantages and Disandvantages/Virginia's Personal In…,https:www.allenandallen.com/arbitration-advantages-and-disadvatages
31. Arbitration Journal (2019). The history of the ICC Central and Eastern European Institutional Arbitration Group, https://journal.arbitration.ru/reviews
31. Bazil Oglinda - Legal Department, Bucharest University of Economic Studies, bazil.oglinda@oglindalawyers.ro, Key criteria in appointment of arbitrators in international arbitration
33. Babic Davor (2006). Arbitraza u inozemstvu u sporovima bez medjunarodnog obiljezja, Pravo I porezi, Zagreb, 11/2006
34. Curcic Nemanja, Pravni fakultet Univerziteta u Beogradu, Imenovanja arbitra u visestranackoj arbitrazi
35. Council of Europe (1962). Agreement relating Aplication of the European Convention on International Commercial Arbitration, Paris

36. Daniel Centner and Megan Ford, A Brief History of Arbitration, September 19, 2019, https://american.bar.org

37. Fernando Emanuele & Milo Molfa, Cleary Gottlieb Steen& Hamilton LLP, Italy, Institutional Arbitration: The Italian Perspective, www.globallegalinsights.com

38. Fernando Dias Simoes (2017). research article-The Language of International Arbitration https://onlinelibrary.wiley.com/doi/abs

39. Goldstajn Aleksandar (1997). Medjunarodna trgovinska arbitraza, Zagreb

1. Goldstajn Aleksandar, Sisa Triva (1997). Medjunarodna trgovinska arbitraza, Загреб

40. Georgetown Law Library, International Commercial Arbitration Research Guide, https://guides.II.georgetown.edu/

41. Government od Canada, Dispute Resolution Reference Guide, https:www.justice.gc.ca/eng/rp-pr/csj-sjc/dprs-sprd/res/drrg-mrrc/

42. Hrvatska enciklopedija, Arbitraza, http://www.enciklopedija.hr

43. History-Arbitration: History, https://arbitration.fi/the-arbitration-institute-history/;

44. Hon. John P. DiBlasi (Ret.) National Arbitration and Mediation, The commercial Arbitration: The Single Arbitrator Versus The Tri-panel, http://www.jdsupra.com/legalnews/the commercial-arbitration-the

45. Hammond-Partnership (2019). The Difference Between Arbitration and Litigation, https://lexology.com.library

46. Hrvatska gospodarska komora - Stalno arbitrazno sudiste pri Hrvatskoj gospodarskoj komori

47. ITC (2001). Arbitration and Alternative Dispute Resolution, Geneva

48. ICC International Court of Arbitration, http:iccwbo.org/dispute-resolution-services/icc-internacional-com

49. Interpretationa commercial arbitration-UNCITRAL Secretariat explanation of Model-law

50. International Chamber of Commerce (ICC): Rules of arbitration and mediation rule of the International Chamber of commerce (ICC), http://www.ohadac,com.legislations/55/rules-of-arbitration-and-mediation…

51. ISDS Blog: The New York Convention-a success from 1958 serving ISDS, http://isdsblog.com/tag/history

52. Juris, legal information, Juris Arbitration Law, http://arbitration.com

53. Juris legal Information, Choosing between administered and non-administered arbitration, https://arbitrationlaw.com/library/choosing-between-administered…

54. Jovicic Katarina (2008). Institut za uporedno pravo, Beograd, Megunarodna trgovinska arbitraza, Strani pravni zivot, br.3

55. Joana Ford (2014). Managing commercial disputes (www.crippspg.co.uk/profile/joana-ford/)

56. Kapital Magazin, Arbitraza u BiH-Historijski razvoj, Sarajevska arbitraza, https://www.kapitalmagazina.rs/arbitraza-u-bih…

57. Kelly J. Bundy, R. Webb Moore, Courtney Moates Paulk, Nathaniel L. Story (2016). So What is the Difference between Mediation, Arbitration and Litigation, https://www.hirsclerlaw.com/construction.-law-blog

57. Landolf&Koch International Attorneys at law, www.landolfandkoch.com;

58. Lovric Viktorija (2016). Prisilne arbitraze, https://bib.irb.hr/datoteka;

59. London Chamber of Arbitration (LCA), Rules of the London Chamber of Arbitration, https://www.londonchamber.co.uk/services/arbitration

60. Ljubljana Arbitration Centre at the Chamber of Commerce and industry of Slovenia, Arbitration Rules (http://www.sloarbitration.eu/en/)

61. Laura Warren, Insight & Knowledge: The Seat of Arbitration-Why is it so important, https://www.cldeco.com/insight/article/the-seat-of-arbitration…

62. Maja Stanivukovic, Medunarodna trgovacka arbitraza u pravu Sjedinjenih Americkih Drzava

63. Maganic Aleksandra, Mico Ljubenko (2013). Arbitrazni postupak na ugovorni rok

64. Mastercard Bizz, Connect Americas.com, 018/02/02

65. Mastercard Bizz (2018). Six reasons for choosing commercial arbitration, Connect Americas/February 2/ 2018

66. Medunarodna arbitraza informacije, sponsored b Aceris Law LLC - Specialist Arbitration Lawyers: Povjerlivost u medunarodnoj arbitrazi- obveze prema engleskom, francuskom i SAD zakonu, https://www.international-arbitration-attorney.com/hr;

67. Michael John Mustill, Arbitration: History and Background, https://heinonline.org/HOL/

68. Maurice Kenton and Peter Hirst Clyde & Co (2015). Worldwide: Advantages of International Commercial Arbitration, http://www.mondaq.com/uk/

69. Ministarstvo pravosuda Republike Hrvatske: Razvoj alternativnih nacina rjesavanja sporova, Strategija Ministarstva pravosuda

70. Medunarodna arbitraza informacije, sponsored b Aceris Law LLC - Specialist Arbitration Lawyers: Sto je medunarodna arbitraza?, https://www.international-arbitration-attorney.com/hr
71. Premuzic Danijela (2005). Ugovor o arbitrazi, Pravni fakultet u Zagrebu, Katedra za gragansko procesno pravo, Zagreb
72. Melanie Holmes (2008). Commercial Litigation Unit, HOMS solicitors: Commercial Abitration-the pros&cons https://www.homs.ie/publikations/commercial-arbitration-…
73. Paul Class (2017). College of Americas, International Commercial Arbitration
74. Procedural inovations in arbitration/Global la firm, http://www.nortonrosefulbright.com;
75. Raymond G. Bender jr. (2009). ARBITRATION, Critical first steps in complex commercial arbitration
76. Rules - The Arbitration Institute the Stockholm Chamber of Commerce, https://sccinstitute.com/our-services/rules
77. Rechkoski Risto and Mickovski Nikola (2016). Law Regulative for International Trade Arbitration in the Republic of Macedonia-Abstract, http://eprints.uklo.edu.mk
78. Scottish Arbitration Centre: Advantages of Arbitration, https://scottisharbitrationcentre.org
79. Swiss Rules of International Arbitration (SCAI) SCAI, http://www.swissarbitration
80. Stanivukovic Maja, doc. Pravnog fakulteta u Novom Sadu, Megunarodna privredna arbitraza - stanje i perspektive - Sastav arbitraznog suda
81. Susan Gualtier, International Commercial Arbitration-Global.ex, International Commercial Arbitration
82. Scepanovic Renka (2012). Prednosti i nedostaci savremene trgovinske arbitraze, Osnovne odlike i perspektive razvoja, LAW-theory and practice, Novi Sad, No. 1-3
83. Stanivukovic Maja, Izbor pravnih pravila po kojima ce arbitraza odluciti o meritumu spora
84. SCAI Swiss Chambers Arbitration Institution, Rules of the Swiss Arbitretion Institution, www.swissarbitration.org
85. Sikiric Hrvoje, Prisilna pravila neposredne primjene i mjerodavno materijalno pravo u medjunarodnoj arbitrazi, Pravo u gospodarstvu, Zagreb, 1/99
86. Sikiric Hrvoje (2005). Povjerljivost u arbitraznom postupku, 13. hrvatski dani arbitraze I mirenja, Zagreb, prosinac
87. Sajko Kresimir (2004). Medjunarodno pravni aspekti hrvatskog medjunarodnog arbitraznog prava, Pravo i porezi, Zagreb, 4/2004;102

88. Sajko Kresimir (2006). Moze li se protiv strane drzave provesti odluka na osnovi arbitraznog pravorijeka-rjesenja i otvorena pitanja, Pravo i porezi 4/2006, Zagreb
89. Sajko Kresimir (2000). Dubioze u priznanju i ovrsi stranih ponistenih pravorijeka, Pravo i porezi 2/2000, Zagreb
90. Sajko Kresimir (1994). Mjerodavno materijalno pravo za arbitrazne sporove sa medjunarodnib obiljezjem, Privreda i pravo 3-4/1994, Zagreb
91. Sesar Miljan (2011). Praktikum arbitraznog prava, Pravni fakultet Split
92. Sesar Miljan (1999). Nacelo javnosti u arbitraznom postupku, Zbornik radova Pravnog fakulteta u Splitu, br.1-2
93. Sesar Miljan (2003). Privremene mjere i mjere radi osiguranja u arbitraznom postupku, Hrvatska pravna revija, Zagreb
94. Tollers solicitors, 10 Tips for managing commercial disputes, http://www.tollers.uk.news
95. United Nations Conference on Trade and Development (UNCTAD) (2003). Dispute Settlement, UNCTAD/EDM/Misc.23/Add.26;
96. Ude Lojze (1998). Civilni pravdni postopek, Ljubljana
97. UNCITRAL-Model Law>New York Convention;
98. UN Conference on trade and development, Dispute Settlement International Commercial Arbitration, UN New York and Geneva 2005, modul New York Convention and UNCITRAL Model Law, https://www.nortonrosefulbright.com/en/knowledge/publications;
99. UN Conference on trade and development, Dispute Settlement International Commercial Arbitration, UN New York and Geneva 2005, modul The proper degree of court intervention
100. United Nations Commision On International Trade Law (UNCITRAL): Arbitration Centres, https://uncitral.un.org/en/tehts/arbitration…
in the Arbitration Clause May Result in Unenforceable Award, https://globalarbitrationnews.com
101. Valentina Faienza (2014). The Choise of the Language of the Proceedings: An Underestimated Aspect of the Arbitration (http://arbitrationblog.kluwerarbitration.com/autor)
102. WIKIPEDIA, Arbitration, http://en.wikipedia.org;
103. World Trade Organization (WTO), Dispute Settlement: Arbitrations, https: www.wto.org/english/

104. Wuraola O. Durosaro, PhD Student (2014). School of Law University of Manchester, United Kingdom, The Role of Arbitration in International Commercial Disputes, IJHSSE Volume 1, Issue 3, www.arcjournals.org
105. WIPO ADR Procedures